


# ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ
## ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Проширување на функциите на центрите за развој на планските региони во насока на споредување на активности/услуги за поддршка на приватниот сектор“, финансиран од Министерството за локална самоуправа.

**Нарачател:**
Центар за развој на Југоисточниот плански регион
Ул. „Боро Џони“, бр. 10
2400 Струмица
Република Македонија

Содржината на публикацијата е подготвена од „Нолеџ Центар“ (Knowledge Center), Скопје

Тим што работеше на подготовката на електронскиот водич:
Д-р Андријана Богдановска Ѓ.
М-р Бранко Ѓуровиќ
М-р Меглена Димитрова

Лектор:
Дејан Василевски

~~Превод на англиски јазик:~~



# ПОЧИТУВАНИ ИНВЕСТИТОРИ.

Задоволство ни е да ви го претставиме Водичот за инвестирање во југоисточниот плански регион во Република Македонија. Целта на Водичот е да ве запознае со можностите и поволностите за инвестирање во југоисточниот регион, националните и регионалните политики и мерките за поддршка на инвестициите, како и со специфичностите на постојните индустриски зони и инвестициски локации.

Географски, југоисточниот регион ја опфаќа територијата на крајниот југоисточен дел на Република Македонија или, поточно, подрачјето на струмичко-радовишката и гевгелиско-валандовската котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар. Регионот се граничи со Република Грција на југ и Република Бугарија на исток, а на север и запад со источниот и вардарскиот регион. Според податоците за 2014 година, во регионот живеат 173.457 жители, односно 8,48% од вкупното население во Република Македонија. Регионот има вкупна површина од 2.835 $км^2$, односно 10,9% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 61,2 жители на $км^2$. Вкупно десет општини го сочинуваат југоисточниот плански регион: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица.

Со цел подобро да ги опфати сите потребни информации што ви се потребни за да донесете информирани одлуки Водичот за инвеститори се состои од четири дела. Во првиот дел се дадени општи информации за Република Македонија (географија, политички систем и економија) со цел да се нагласат нејзините предности како погодна локација за вашите инвестиции. Во вториот дел е претставено деловното опкружување, каде што многу детално ве информираме за правната и институционалната рамка што го регулира водењето бизнис во Република Македонија, почнувајќи од можностите за основање фирма, процесите за водење бизнис, даноците, пазарот на работна сила, градежното земјиште и недвижниот имот, како и можностите за финансиска поддршка на фирмите. Третиот дел се однесува на југоисточниот плански регион, каде што се дадени општи информации за регионот и предностите што регионот ги нуди како извонредна локација за вашите инвестиции. Во четвртиот дел се претставени секоја од десетте општини во регионот и потенцијалите за инвестиции во нив. Ви ги претставуваме основните

информации за секоја општина посебно, вклучително и кратка информација за општината, сообраќајните врски, човечките ресурси и образованието, локалната економија со посебен осврт на индустриските зони и локациите за инвестиции.

Водичот е изработен во рамките на проектот „Проширување на функциите на центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности/услуги за поддршка на приватниот сектор“, финансиран од Министерството за локална самоуправа. Проектот го спроведува Центарот за развој на Југоисточниот плански регион од Република Македонија.

Во Водичот ќе најдете корисни информации што ќе ви помогнат да донесете информирани одлуки за инвестирање во некоја од индустриските зони и/ или локации во југоисточниот плански регион во Република Македонија.

Со почит,

Жулиета Ѓуркова

Директор

Центар за развој на Југоисточниот плански регион

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ....... 6
ЛИСТА НА ТАБЕЛИ ....... 7
ЛИСТА НА СЛИКИ ....... 8
КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ ....... 11
ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ВО ОПШТИНИТЕ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ....... 12
ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ....... 14
1 ПРОФИЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....... 18
1.1 ВОВЕД ....... 18
1.2 ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ВЛАДЕЕЊЕ ....... 20
1.3 ЕКОНОМИЈА ....... 21
2 ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....... 28
2.1 ПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС ....... 28
2.2 ПРАВНА РАМКА ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС ....... 32
2.3 ДАНОЦИ ....... 34
2.4 ТРГОВИЈА И ТАКСИ/ДАВАЧКИ ....... 37
2.5 РАБОТНА СИЛА ....... 39
2.6 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИРМИТЕ ....... 41
3 ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН ....... 44
3.1 ПРЕДНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ....... 44
3.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ....... 44
3.3 ГЕОГРАФСКИ КАРАКЕТРИСТИКИ НА РЕГИОНОТ ....... 47
3.4 ПАТНА МРЕЖА ....... 49
3.5 НАСЕЛЕНИЕ ....... 51
3.6 ЕКОНОМИЈА ....... 56
3.7 КОРИСТЕЊЕ КОМПЈУТЕР И ИНТЕРНЕТ ....... 59
3.8 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО ....... 60
3.9 КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ....... 61
3.10 ТУРИЗАМ ....... 61
4 ОПШТИНИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ....... 68
4.1 ОПШТИНА БОГДАНЦИ ....... 70
4.2 ОПШТИНА БОСИЛОВО ....... 82
4.3 ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ....... 92
4.4 ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ....... 102
4.5 ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ....... 112
4.6 ОПШТИНА ДОЈРАН ....... 128
4.7 ОПШТИНА КОНЧЕ ....... 138
4.8 ОПШТИНА НОВО СЕЛО ....... 146
4.9 ОПШТИНА РАДОВИШ ....... 158
4.10 ОПШТИНА СТРУМИЦА ....... 168

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ


Табела 1-1 Економија низ бројки ....21
Табела 3-1 Основни податоци за општините во југоисточниот регион ....45
Табела 3-2 Основни податоци за југоисточниот регион ....46
Табела 3-3 Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта) ....49
Табела 3-4 Р1 – Регионални патишта....49
Табела 3-5 Р2 – Регионални патишта....50
Табела 3-6 Р29 – Регионални патишта....50
Табела 3-7 Локална патна мрежа 2010-2014 (км)....50
Табела 3-8 Основни податоци според степенот на образование ....52
Табела 3-9 Основни податоци според степенот на образование ....52
Табела 3-10 Стапки на активност на населението на возраст од 15 години и повеќе ....53
Табела 3-11 Стапка на невработеност (%)....54
Табела 3-12 Број на невработени лица (активни баратели на работа) во југоисточниот плански регион според степенот на образование ....55
Табела 3-13 Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2014 (во денари)....55
Табела 3-14 Бруто домашен производ (во МКД) ....56
Табела 3-15 Бруто-инвестиции во основни средства, по региони, 2013 ....56
Табела 3-16 Површина по категории на користење (хектари) ....60
Табела 3-17 Број на домаќинства кои користеле компјутер и интернет ....59
Табела 3-18 Лица на возраст 15-74 години кои користеле компјутер и интернет ....59
Табела 3-19 Туризам....61
Табела 4-1 Сообраќајни врски ....71
Табела 4-2 Карактеристики на слободни локации за градба во Богданци ....75
Табела 4-3 Карактеристики на слободни локации за градба во Богданци ....76
Табела 4-4 Карактеристики на слободните локации за градба за хотелски капацитети во Богданци .77
Табела 4-5 Сообраќајни врски ....83
Табела 4-6 Карактеристики на слободни локации за градба – Робово....87
Табела 4-7 Сообраќајни врски ....93
Табела 4-8 Сообраќајни врски ....103
Табела 4-9 Карактеристики на слободни локации за градба – Градашорци ....107
Табела 1-1 Сообраќајни врски ....113
Табела 1-2 Карактеристики на слободни локации за градба – Ракита ....117
Табела 1-3 Карактеристики на слободни локации за градба – Деленица....119
Табела 1-4 Карактеристики на слободни локации за градба – Блокотехна ....120
Табела 1-5 Карактеристики на слободни локации за градба – Откупно дистрибутивен центар ....121
Табела 1-6 Слободни локации за изградба на хотелски комплекси – Гевгелија ....124
Табела 1-7 Сообраќајни врски ....129
Табела 1-8 Карактеристики на слободни локации за градба – Душановац....133
Табела 1-9 Карактеристики на слободните локации во овие туристичко-развојни зони – Дојран....134
Табела 1-10 Сообраќајни врски ....139
Табела 1-11 Карактеристики на слободни локации за градба – Дојран ....143
Табела 1-12 Сообраќајни врски ....147
Табела 1-13 Карактеристики на слободни локации за градба – Борисово....151
Табела 1-14 Карактеристики на слободни локации за градба – Мокриево....153
Табела 1-15 Сообраќајни врски ....159
Табела 1-16 Карактеристики на слободни локации за градба ....165
Табела 1-17 Сообраќајни врски ....169
Табела 1-18 Карактеристики на слободни локации за градба ....177
Табела 1-19 Карактеристики на слободни локации за градба ....178
Табела 1-20 Карактеристики на слободни локации за градба ....183

# ЛИСТА НА СЛИКИ


Слика 1.3-1 Локација на Македонија во Европа ........ 23
Слика 3.2-1 Југоисточен регион на Република Македонија ........ 45
Слика 3.4-1 Патна мрежа на Република Македонија по региони ........ 49
Слика 3.5-1 Возрасна структура на Република Македонија по региони ........ 51
Слика 3.5-2 Популациска пирамида на југоисточен регион ........ 51
Слика 3.5-3 Стапка на активност на население на Република Македонија по региони ........ 53
Слика 3.5-4 Активни баратели на работа по возраст и пол ........ 54
Слика 3.5-5 Пасивни баратели на работа по возраст и пол ........ 54
Слика 3.6-1 Активни деловни субјекти по број (2014) ........ 57
Слика 3.6-2 Активни деловни субјекти 2014 ........ 57
Слика 3.6-3 Активни деловни субјекти по број и сектор за ЈИР (2014) ........ 58
Слика 3.6-4 Надворешна трговија 2014 ........ 58
Слика 3.7-1 Структура на земјоделско земјиште ........ 60
Слика 3.7-2 Структура на сточарство ........ 61
Слика 3.8-1 Интернет и компјутер ........ 59
Слика 4.1-1 Возрасна структура на населението – Богданци (2014) ........ 72
Слика 4.1-2 Пасивни и активни баратели на работа – Богданци ........ 72
Слика 4.1-3 Активни баратели на работа – Богданци ........ 73
Слика 4.1-4 Пасивни баратели на работа – Богданци ........ 73
Слика 4.1-5 Активни деловни субјекти – Богданци (2014) ........ 74
Слика 4.1-6 Број на деловни субјекти во доминантни индустрии – Богданци ........ 74
Слика 4.1-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Богданци ........ 75
Слика 4.1-8 Урбанистички план надвор од населено место за изградба на откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, производство и дистрибуција во м.в. Горни Чаир ........ 76
Слика 4.1-9 Локација на индустриска зона Барта – Општина Богданци ........ 77
Слика 4.1-10 Урбанистички план надвор од населено место за изградба на верски објект – Католичка црква – Апостолски егзархат во Македонија со хотелско-угостителски комплекс, м.в. Паљурци ........ 78
Слика 4.2-1 Возрасна структура на населението – Босилово (2014) ........ 84
Слика 4.2-2 Невработени лица – Босилово (2015) ........ 84
Слика 4.2-3 Активни баратели на работа – Босилово ........ 85
Слика 4.2-4 Пасивни баратели на работа ........ 85
Слика 4.2-5 Активни деловни субјекти – Босилово ........ 86
Слика 4.2-6 Број на деловни субјекти во доминантни индустрии – Босилово ........ 86
Слика 4.2-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Босилово ........ 87
Слика 4.2-8 Извадок од урбанистички план за дел од селото Робово, Босилово ........ 88
Слика 4.2-9 Слики од индустриската зона „Робово“ ........ 88
Слика 4.2-10 Слики од индустриската зона „ХАМЗАЛИ“ ........ 89
Слика 4.3-1 Популациска пирамида – Валандово ........ 94
Слика 4.3-2 Невработени лица – Валандово ........ 94
Слика 4.3-3 Активни баратели на работа ........ 95
Слика 4.3-4 Пасивни баратели на работа ........ 95
Слика 4.3-5 Активни деловни субјекти – Валандово ........ 96
Слика 4.3-6 Деловни субјекти по доминантни индустрии – Валандово ........ 96
Слика 4.3-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Валандово ........ 97
Слика 4.3-8 Локација на Индустриската зона „РАБРОВО“ ........ 98
Слика 4.3-9 Слики од индустриската зона „РАБРОВО“ ........ 98
Слика 4.4-1 Популациска пирамида – Василево ........ 104
Слика 4.4-2 Невработени лица – Василево ........ 104
Слика 4.4-3 Активни баратели на работа ........ 105
Слика 4.4-4 Пасивни баратели на работа ........ 105
Слика 4.4-5 Активни деловни субјекти – Василево ........ 106
Слика 4.4-6 Деловни субјекти по доминантни индустрии – Василево ........ 106
Слика 4.4-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Василево ........ 107
Слика 4.4-8 Локација на Индустриската зона „ГРАДАШОРЦИ“ ........ 108
Слика 4.4-9 Слики од индустриската зона „ГРАДАШОРЦИ“ ........ 108

| | | |
|---|---|---|
| Слика 4.4-10 | Слики од индустриска зона Владевци | 109 |
| Слика 4.5-1 | Популациска пирамида – Гевгелија | 114 |
| Слика 4.5-2 | Невработени лица – Гевгелија | 114 |
| Слика 4.5-3 | Активни баратели на работа | 115 |
| Слика 4.5-4 | Пасивни баратели на работа | 115 |
| Слика 4.5-5 | Активни деловни субјекти – Гевгелија | 116 |
| Слика 4.5-6 | Деловни субјекти по доминантни индустрии | 116 |
| Слика 4.5-7 | Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Гевгелија | 117 |
| Слика 4.5-8 | Синтезен план на индустриска зона „Ракита“ | 118 |
| Слика 4.5-9 | Слики од индустриска зона „Ракита“ | 118 |
| Слика 4.5-10 | Сателитска мапа од индустриска зона „Деленица“ | 119 |
| Слика 4.5-11 | Слики од индустриска зона „Деленица“ | 119 |
| Слика 4.5-12 | Сателитска мапа од индустриска зона „БЛОКОТЕХНА“ | 120 |
| Слика 4.5-13 | Слики од индустриска зона „Блокотехна“ | 120 |
| Слика 4.5-14 | Синтезен план од стопански комплекс Откупно Дистрибутивен Центар | 121 |
| Слика 4.5-15 | Слики од стопански комплекс Откупно Дистрибутивен Центар | 122 |
| Слика 4.5-16 | Синтезен план од техннолошко индустриска развојна зона Гевгелија | 123 |
| Слика 4.5-17 | Слики од техннолошко индустриска развојна зона Гевгелија | 123 |
| Слика 4.5-18 | Слики од слободни локации за изградба на хотелски комплекси – Гевгелија | 124 |
| Слика 4.6-1 | Популациска пирамида – Дојран | 130 |
| Слика 4.6-2 | Невработени лица – Дојран | 130 |
| Слика 4.6-3 | Активни баратели на работа | 131 |
| Слика 4.6-4 | Пасивни баратели на работа | 131 |
| Слика 4.6-5 | Активни деловни субјекти – Дојран | 132 |
| Слика 4.6-6 | Деловни субјекти во доминантни индустрии – Дојран | 132 |
| Слика 4.6-7 | Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Дојран | 133 |
| Слика 4.6-8 | Синтезен план индустриска зона „ДУШАНОВАЦ“ | 134 |
| Слика 4.6-9 | Слики од индустриска зона „ДУШАНОВАЦ“ | 134 |
| Слика 4.6-10 | Синтезен план туристичка зона СУНГУРЛИ ДЕРЕ | 135 |
| Слика 4.6-11 | Синтезен план туристичка зона Карач | 135 |
| Слика 4.7-1 | Популациска пирамида | 140 |
| Слика 4.7-2 | Невработени лица – Конче | 140 |
| Слика 4.7-3 | Активни баратели на работа – Конче | 141 |
| Слика 4.7-4 | Пасивни баратели на работа – Конче | 141 |
| Слика 4.7-5 | Активни деловни субјекти – Конче | 142 |
| Слика 4.7-6 | Деловни субјекти по доминантни индустрии – Конче | 142 |
| Слика 4.7-7 | Локација на туристичка населба Мантово | 143 |
| Слика 4.7-8 | Слики од туристичка населба Мантово | 143 |
| Слика 4.8-1 | Популациска пирамида – Ново Село | 148 |
| Слика 4.8-2 | Невработени лица – Ново Село | 148 |
| Слика 4.8-3 | Активни баратели на работа | 149 |
| Слика 4.8-4 | Пасивни баратели на работа | 149 |
| Слика 4.8-5 | Активни деловни субјекти – Ново Село | 150 |
| Слика 4.8-6 | Деловни субјекти во доминантни индустрии – Ново Село | 150 |
| Слика 4.8-7 | Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Ново Село | 151 |
| Слика 4.8-8 | Слики од индустриската зона „БОРИСОВО“ | 152 |
| Слика 4.8-9 | Слики од индустриската зона „ МОКРИНО-МОКРИЕВО“ | 153 |
| Слика 4.8-10 | Слики од индустриската зона „БРОД-ЗУБОВО“ | 154 |
| Слика 4.9-1 | Популациска пирамида – Радовиш | 160 |
| Слика 4.9-2 | Невработени лица – Радовиш | 160 |
| Слика 4.9-3 | Активни баратели на работа – Радовиш | 161 |
| Слика 4.9-4 | Пасивни баратели на работа – Радовиш | 161 |
| Слика 4.9-5 | Активни деловни субјекти – Радовиш | 162 |
| Слика 4.9-6 | Деловни субјекти во доминантни индустрии – Радовиш | 162 |
| Слика 4.9-7 | Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Радовиш | 163 |
| Слика 4.9-8 | Слики од индустриска зона „Радовиш“ | 164 |
| Слика 4.9-9 | Слики од индустриска зона „Подареш“ | 164 |
| Слика 4.10-1 | Популациска пирамида – Струмица | 170 |
| Слика 4.10-2 | Невработени лица – Струмица | 170 |
| Слика 4.10-3 | Активни баратели на работа – Струмица | 171 |

Слика 4.10-4 Пасивни баратели на работа ... 171
Слика 4.10-5 Активни деловни субјекти – Струмица ... 172
Слика 4.10-6 Деловни субјекти во доминантни индустрии – Струмица ... 172
Слика 4.10-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Струмица ... 173
Слика 4.10-8 Синтезен план на индустриска зона „Урбан Блок 42“ ... 174
Слика 4.10-9 Слики од индустриска зона „Урбан блок 42“ ... 174
Слика 4.10-10 Синтезен план на индустриска зона „Север“ ... 176
Слика 4.10-11 Слики од индустриска зона „Север“ ... 176
Слика 4.10-12 Синтезен план на индустриска зона „Агроберза“ ... 177
Слика 4.10-13 Слики од индустриска зона „Агроберза“ ... 178
Слика 4.10-14 Синтезен план на индустриска зона „Урбан Блок 19“ ... 179
Слика 4.10-15 Слики од индустриска зона „Урбан блок 19“ ... 179
Слика 4.10-16 Синтезен план на индустриска зона „Урбан Блок 17 и 17/1“ ... 180
Слика 4.10-17 Слики од индустриска зона „Урбан блок 17 и 17/1“ ... 180
Слика 4.10-18 Синтезен план на индустриска зона „Урбан Блок 15“ ... 181
Слика 4.10-19 Слики од индустриска зона „Урбан блок 15“ ... 181
Слика 4.10-20 Синтезен план на индустриска зона „Сачево“ ... 182
Слика 4.10-21 Слики од индустриска зона „Сачево“ ... 182
Слика 4.10-22 Синтезен план на индустриска зона „Урбан Блок 18“ ... 183

# КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

АВРМ – Агенција за вработување на Република Македонија
АД – Акционерско друштво
БДП – Бруто домашен производ
ДДВ – Данок на додадена вредност
ДЗС – Државен завод за статистика
ДОО – Друштво со ограничена одговорност
ДООЕЛ – Друштво со ограничена одговорност од едно лице
ЕМБГ – Единствен матичен број на граѓанинот
EXIM – Едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти
ЕУ – Европска унија
ЗП – Заштитено подрачје
ЗТД – Закон за трговски друштва
ИПА – Инструмент за претпристапна помош
ИПАРД – Инструмент за претпристапна помош за рурален развој
ЈП – Јавни претпријатија
ЈКП – Јавно комунално претпријатие
КО – Катастарска област
КП – Катастарска парцела
МБС – Матичен број на субјектот
м.в. – месност викана
МСП – Мали и средни претпријатија
НБРМ – Народна банка на Република Македонија
ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој
СТО – Светска трговска организација
УЈП – Управа за јавни приходи
ЦЕФТА – Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА)
ЦРМ – Централен регистар на Македонија

# ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ВО ОПШТИНИТЕ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**
ГРАДОНАЧАЛНИК: АНАСТАСИЈА ОЛУМЧЕВА
**T/F:** 034/222-333; 034/221-077
**E-mail:** opstina_bogdanci@t-home.mk
**I:** www.bogdanci.gov.mk

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
ГРАДОНАЧАЛНИК: ЉУПЧО КОЛЕВ
**T/F:** 034/371-600; 034/371-600
**E-mail:** opstinabosilovo1@gmail.com
**I:** www.bosilovo.gov.mk

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
ГРАДОНАЧАЛНИК: НИКОЛЧЕ ЧУРЛИНОВСКИ
**T/F:** 034/382-007; 034/382-044
**E-mail:** valandovo@valandovo.gov.mk
**I:** www.valandovo.gov.mk

**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**
ГРАДОНАЧАЛНИК: ВАНЧО СТОЈАНОВ
**T/F:** 034/354-444; 034/353-007
**E-mail:** gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk
**I:** www.opstinavasilevo.gov.mk

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
ГРАДОНАЧАЛНИК: ИВАН ФРАНГОВ
**T/F:** 034/213-843; 034/611-373
**E-mail:** kabinet@gevgelija.gov.mk
**I:** www.gevgelija.gov.mk

**ОПШТИНА ДОЈРАН**
ГРАДОНАЧАЛНИК: БОРЧЕ СТАМОВ
**T/F:** 034/225-278; 034/225-278
**E-mail:** dojran@t-home.mk
**I:** www.dojran-info.com

**ОПШТИНА КОНЧЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК: БЛАГОЈ ЈОВАНОВ
**T/f:** 034/630-325; 034/630-327
**E-mail:** opstina.konce@t-home.mk
**I:** www.konce.gov.mk

**ОПШТИНА НОВО СЕЛО**
ГРАДОНАЧАЛНИК: БЛАЖО ВЕЛКОВ
**T/F:** 034/355-202; 034/355-702
**E-mail:** administracija@novoselo.gov.mk
**I:** www.novoselo.gov.mk

**ОПШТИНА РАДОВИШ**
ГРАДОНАЧАЛНИК: САШКО НИКОЛОВ
**T/F:** 032/635-007; 032/630-290
**E-mail:** gradonacalnik@radovis.gov.mk
**I:** www.radovis.gov.mk

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ГРАДОНАЧАЛНИК: ЗОРАН ЗАЕВ
**T/F:** 034/348-030; 034/320-544
**E-mail:** gradonacalnik@strumica.gov.mk
**I:** www.strumica.gov.mk

# ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Република Македонија нуди низа предности за потенцијалните инвеститори:

## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ПАЗАРИ

Македонија ја има во голема мера либерализирано надворешнотрговската политика и има потпишано разни билатерални договори што им овозможуваат на локалните производители слободен пристап до пазарот на Европската унија и други пазари, што ја прави Република Македонија висококонкурентна производствена и извозна платформа. Преку три мултилатерални (Договорот за стабилизација и асоцијација, ЕФТА и ЦЕФТА) и два билатерални договора за слободна трговија (со Турција и Украина) се обезбедува бесцарински пристап до пазар од над 650 милиони корисници.

## НИСКИ ДАНОЦИ

Инвеститорите во Македонија имаат корист од многу поволната даночна политика, со една од најниските даночни стапки во Европа (рамен корпоративен и персонален данок на доход со стапка од 10%, како и данок од 0% на задржана добивка). Освен тоа, Македонија има неколку инвестициски и развојни зони со даночни исклучувања на корпоративните профити во период до десет години, за нови вработувања, ДДВ, царински давачки и други олеснувања.

## НИСКИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

Република Македонија е една од најконкурентните локации во Европа во однос на оперативните трошоци.

## ОДЛИЧНА ГЕОСТРАТЕШКА ПОЛОЖБА

Потенцијалните инвеститори можат да имаат придобивки од добрата стратешка географска положба на Република Македонија, која се наоѓа на крстопатот на два главни европски транспортни коридора (Коридорот X и Коридорот VIII). Имајќи го предвид ова, стоките реално можат да се испорачаат во рок од еден ден до земјите во Централна и Источна Европа, како и Турција, односно максимално два дена во земјите од Западна Европа.

## БРЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ

Едношалтерски систем за регистрација на компанија во рок од 4 часа.

## ОДЛИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА

Национална инфраструктура за безжичен интернет, дигитален телекомуникациски систем, разгранета мрежа на автопати, два меѓународни аеродроми со редовни авионски врски со главните европски центри.

## ПРИСПОСОБЛИВ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

Универзитети што се подготвени да соработуваат со инвеститорите во обезбедување на потребите во однос на потребните вештини.

## ОДЛИЧНИ ВЕШТИНИ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

Голем број од жителите на Република Македонија зборуваат англиски јазик, а францускиот и германскиот јазик се вклучени во образовниот систем, додека регионалните јазици значително се користат во секојдневното деловно работење.

## ДОСТАПНА И КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА

Македонија има образувана и висококвалификувана работна сила со силна работна етика и искуство во индустријата.

## ПОЛИТИЧКА. МОНЕТАРНА И МАКРОЕКОНОМСКА СТАБИЛНОСТ

Македонија нуди стабилно монетарно опкружување со една од најниските стапки на инфлација во регионот и стабилна валута (денар).

## ЗЕМЈА-КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ И НАТО

Република Македонија е земја-кандидат за членство во ЕУ и НАТО.



# 1

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 1 ПРОФИЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1.1 ВОВЕД

### 1.1.1. ГЕОГРАФИЈА И КЛИМА

Република Македонија се наоѓа во југоисточна Европа, во централниот дел на Балканскиот Полуостров, и има површина од 25.713 км$^2$. Нејзиниот релјеф се карактеризира со големи и високи планински масиви, меѓу кои се протегаат широки и рамни долини и низини. Низ средишниот дел поминува најголемата река во земјата, Вардар.

Речиси целата територија на Македонија се наоѓа на географска широчина од 40° и 42°. Земјата се граничи со Србија и Косово на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад. Република Македонија има значајна географската положба како централна балканска држава, што се граничи со пет држави различни по својот стопански потенцијал и развиеност. Тие се упатени на меѓусебна трговска размена и дополнување на нивните економии, токму преку територијата на Република Македонија. Од друга страна, Република Македонија е главен транзитен пат за испорака на стоки од Грција преку Балканот кон источна, западна и централна Европа и преку Бугарија кон исток.

Република Македонија се наоѓа во зоната на централно европско време -GMT+ 1.

Климата во Република Македонија се класифицира како преодна помеѓу медитеранска и континентална. По должината на речните долини на реките Вардар и Струмица, климата е умерено-медитеранска. Во внатрешноста, климата е претежно континентална со топли и суви лета, како и студени и влажни зими.

Република Македонија е земја што изобилува со природни богатства и убавини. Бројот на сончеви денови во Македонија ја надминува бројката од 240, што укажува на големиот потенцијал за искористување на сончевата енергија. Планините што зафаќаат 75% од територијата изобилуваат со разновиден и ендемски (на пример, моликата) шумски фонд, богат воден потенцијал, висококвалитетни пасишта и пештери чијашто убавина го одзема здивот. Македонија е исто така езерска земја со голем број езера, три големи тектонски и над 35 помали планински леднички езера. Речната мрежа е распространета на целото подрачје на Македонија, наводнувајќи ги плодните алувијални почви на кои растат висококвалитетните и надалеку познатите македонски зеленчук и овошје. Тука се и многубројните минерални, топли и солени извори и водопади, како и рудните богатства меѓу кои е и минералот лорандит од рудникот Алшар, кој го има единствено во Република Македонија.

### 1.1.2. НАСЕЛЕНИЕ

Според последните официјални податоци од пописот во 2002 година, во Република Македонија живеат 2.022.547 граѓани (2.063.723, проценка 2013). Густина на населението изнесува 80 жители на км$^2$. Најголемиот дел од населението го сочинуваат Македонци (64,18%), потоа Албанци (25,17%), Турци (3,85%), Роми (2,66%), Власи (0,48%), Срби (1,78%), Бошњаци (0,84%) и други етнички групи (1,04%).

Службен јазик е македонскиот. Во општините во кои живеат етнички групи чијашто застапеност изнесува над 20% од вкупното население во општината како службен јазик, покрај македонскиот, се употребува и јазикот на таа етничка група.

Главен административен центар на Република Македонија е Скопје. Во главниот град Скопје – политички, административен и економски центар на Република Македонија – живеат 668.518 жители.

Други поголеми градови се: Битола – 80.550; Куманово – 76.272; Прилеп – 69.704; Тетово – 52.915; Велес – 43.716; Охрид – 42.033; Штип – 40.016; Гостивар – 35.847; Струмица – 35.311 итн.

Бројот на општини изнесува 84, бројот на населени места е 1.776, од кои 34 се градови.

### 1.1.3. ИСТОРИЈА

Македонија има турбулентна историја, а нејзиното име, историја и територија често биле предмет на претензии од соседните народи.

Историјата на земјата најчесто се поврзува со античка Македонија и со владеењето на Александар Македонски (356-323 п.н.е.), чијашто империја ја опфаќала територијата од Европа до Египет и Индија. Во вториот век пред Христа, Македонија станува провинција на Римската Империја, додека по распадот на Римското Царство во 395 година, Македонија потпаѓа под Источното Римско Царство или Византија.

Во седмиот век Македонија ја населуваат и Словените, кои брзо потпаѓаат под власта на Византија и на бугарските империи. Првата македонска држава е воспоставена во десеттиот век од страна на цар Самуил, но по неговиот пораз на Беласица од страна на византискиот император Василије, македонската држава повторно влегува во состав на византиската империја сѐ до крајот на 14 век, кога под налетот на Отоманската Империја од исток Византија се распаѓа, а сите нејзини територии, вклучувајќи ја и територијата на Македонија стануваат дел од Отоманска Империја сѐ до почетокот на 20 век.

По колапсот на Отоманската Империја и двете балкански војни (1912-1913), политичката мапа на Балканот радикално се промени. Букурешкиот договор од 1913 година ја подели Македонија на три дела, помеѓу Грција, Србија и Бугарија. Со Версајскиот договор, потпишан на крајот на Првата светска војна, Македонија стана дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, територија што подоцна стана Кралството Југославија. За време на Втората светска војна, Македонците, заедно со другите народи на Југославија, се бореа против Силите на оската. Тие се придружија на партизаните на Јосип Броз Тито и во 1944 година ја ослободија својата земја од окупаторите.

На крајот од Втората светска војна, се создаде независна Република Македонија, која стана една од шесте република во рамки на Социјалистичката Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Во текот на деведесеттите години од минатиот век, зголемената политичка слобода и зголемените тензии помеѓу југословенските народи доведоа до распаѓање на Федерацијата. На референдум за сувереност, граѓаните на Република Македонија гласаа за независност и формирање на своја држава на осми септември 1991. Во ноември 1991 година, македонското собрание го изгласа Уставот, а во 1993 година Македонија влезе во ОН.

### 1.1.4. МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Република Македонија беше примена во ОН во 1993 година, стана член на Советот на Европа во септември 1995 година, додека во ноември 1995 година влезе во програмата Партнерство за мир на НАТО.

Во јануари 1996 година, Република Македонија воспостави дипломатски односи со Европската унија, со која во 2001 година ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Република Македонија е член на Светската банка од 1999 година и член на Асоцијацијата за Меѓународен развој од 1993 година. Во 2003 година, Македонија стана член на Светската трговска организација (СТО). Република Македонија исто така е член на: ЦЕИ, ЕБРД, ФАО, ИАЕА, ИБРД, ИФЦ, ИМФ, Интерпол, ИОЦ, ИОМ (observer), ИСО, ОБСЕ, УНЦТАД, УНЕСКО и многу други меѓународни организации.

# 1.2 ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ВЛАДЕЕЊЕ

Македонија е република со повеќепартиска парламентарна демократија и политички систем поделен на законодавна, извршна и судска власт.



Законодавна власт

## Собрание

**Еднокоморен парламент**

Составен од 123 пратеници избрани според пропорционален систем на мандат од четири години. Донесува закони, го усвојува буџетот, ги избира членовите на Владата и други функции од извршната и судска власт, ратификува меѓународни договори, донесува одлука за војна.

**Локална власт**

84 општини во кои се избираат совети и градоначалници! Поседуваат законодавна и извршна функција на локално ниво.



Извршна власт

## Претседател на републиката

Избран на општи и непосредни избори, со мандат од пет години.

Претседателот ја претставува Републиката и ја извршува функцијата Врховен командант на вооружените сили.

## Претседател на Владата на Република Македонија

Лидер на партијата или коалицијата што успеала да освои најмногу пратенички мандати, номиниран од Претседателот, а избран од Собранието.

## Влада

Кабинет на министри кои ги предлага Претседателот на Владата, а ги избира Собранието на РМ со мнозинство на гласови.

Владата предлага закони, буџетот на Републиката и друга законска регулатива што се усвојува во Собранието; ги определува политиките за извршување на законите и другите регулативи на Собранието и е одговорна за нивното спроведување.



Судска власт

## Уставен суд

Орган на Републиката што ја штити уставноста и законитоста.

## Врховен суд

Највисок суд во Република Македонија што го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите.

**Апелација**

Три суда за апелација според региони.
Решаваат по жалби против одлуките на основните судови.

**Основни судови**

27 основни судови што одлучуваат по граѓански и кривични случаи.

# 1.3 ЕКОНОМИЈА

## 1.1.5. РАЗВОЈНИ ТРЕНДОВИ

Република Македонија стратешки работи на економскиот развој и креирањето поволен економски амбиент. Македонија има долгогодишната макроекономска стабилност и ниската инфлација, што во просек изнесува 2% во последните десет години, земјата има балансирани јавни финансии со низок буџетски дефицит и стабилен девизен курс. Во изминатите години спроведени се низа реформи во делот на пазарот на труд, како и активни мерки за вработување, со што невработеноста се намали од 36 на 25%. Основните економски показатели за Република Македонија се дадени во Табела 1.1.

Овие резултатите ја вброија земјата помеѓу најголемите реформатори во светски рамки. Според извештајот на Светска банка „Doing Business 2016", Македонија е рангирана на 12-тото место на светската ранг-листа според леснотија во бизнис-работењето, со пораст од 41 место во однос на 2012 година. **Македонија е рангирана на прво место во однос на овој индекс (леснотија во бизнис-работењето) во споредба со 25 економии на Европа и централна Азија.**

Според Глобалниот индекс на конкурентност на Светскиот економски форум „Global Competitiveness Index of the World Economic Forum" за 2015-2016 година, Македонија е во категоријата на економии кај кои ефикасноста го движи порастот и се наоѓа на 60-тото место, со подобрување на рангот од 20 места, во споредба со извештајот 2012-2013 година. Во извештајот за 2015-2016 година, Македонија се наоѓа во првите десет најконкурентни европски економии во развој.

Според Агенцијата за кредитен рејтинг „Standard and Poor's", кредитниот рејтинг на Македонија на крајот на 2013 година изнесува ББ-/стабилен/Б.

*Табела 1-1 Економија низ бројки*

| Економија низ бројки | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП стапка на пораст (%) | -0,4 | 3,4 | 2,3 | -0,5 | 2,9 | 3,5* | 3,2* |
| БДП по глава на жител (евра) | 3300 | 3459 | 3665 | 3680 | 3948 | 4126* | |
| Инфлација (%) | -1,6 | 3,0 | 2,8 | 4,7 | 1,4 | -0,5 | -0,5* |
| Стапка на невработеност (%) | 32,2 | 32,1 | 31,4 | 31,0 | 29,0 | 28,0 | 25,5* |
| Трговска размена (милиони евра) | -1699,8 | -1602,2 | -1838,0 | -1946,7 | -1748,1 | -1762,0 | |
| Извоз на стоки ф.о.б (милиони евра) | 1937,0 | 2534,9 | 3214,9 | 3124,0 | 3235,2 | 3723,0 | |
| Увоз на стоки ф.о.б. (милиони евра) | 3636,8 | 4137,1 | 5052,9 | 5070,6 | 4983,3 | 5485,0 | |
| Странски директни инвестиции (милиони евра) | 136,9 | 156,9 | 344,6 | 131,1 | 229,4 | 197,4 | |
| Бруто јавен долг процент од БДП | 55,9 | 57,8 | 64,2 | 68,2 | 64,3 | 70,2 | 70,4* |

* Податоци за втор или трет квартал за 2015 година

***Извор: Народна банка на РМ (2015)***

## 1.1.6. СТРАТЕШКИ ИНДУСТРИИ

Стратешки индустриски сектори во Република Македонија се: земјоделството, индустријата за преработка на храна, металургијата, текстилната индустрија, производството на автомобилски делови, градежништвото, хемиската индустрија, информатичките технологии.

**Земјоделството** е еден од најзначајните сектори во македонската економија, претставувајќи 10,1% од БДП во 2014 година. Производството на свежи и квалитетни земјоделски производи е одлична основа за развој на индустријата за преработка на храна. **Прехранбената индустрија** има силна

репутација во однос на квалитетот на производите и одличен пробив кон регионалните пазари, а и пошироко. Најзастапени македонски производи се овошјето, зеленчукот, виното, овчото и козјото сирење. Учеството на прехранбената индустрија во индустриското производство е 11,75% во 2014 година, опфаќа 23.704 вработени или 3,33% од вкупните вработувања во индустријата на земјата.

Геолошката структура на земјиштето богата со суровини и минерали е основа за добро развиената **металургијата**, која опфаќа 11,59% од индустриското производство. Основни извори на ресурси на оваа индустриска гранка се рудниците на олово, цинк, бакар, железо, никел и феро-силициум. Развојот на металургијата претставува основа за развој на целата индустрија и е значаен двигател на економскиот развој, вработувајќи околу 15.252 лица.

Постојната традиција и висококвалификуваниот кадар овозможија **индустријата за производство на автоделови** да продолжи да се развива непречено. Производството на автомобилски компоненти, што почна уште од 1960 година за српската компанија „Застава“, во последните години се репрофилира и се осовремени со влегувањето на странските инвеститори, како што се „Џонсон Контролс“, „Џонсон Мети“, „Ван Хол“, „Драксмајлер“, „Кемет“, „Амфенол“ и други што инвестираа во отворање производствени капацитети во слободните индустриски зони. Деловите произведени во Македонија се пласираат на пазарите во Европа, Русија, Турција, Африка итн.

**Текстилната индустрија** е уште една традиционално развиена гранка, што придонесува кон БДП од индустријата со 17%. Македонскиот текстил е високо ценет и препознатлив производ на светскиот пазар. Расположливите текстилни капацитети ја имаат потребната инфраструктура, модерна технологија и квалификуван кадар. Текстилната индустрија вработува 35% од вкупните вработувања во индустријата и учествува во извозот со извоз 17% (податоци за 2014).

Најновата и најбрзо растечка индустриска гранка е во сферата на **информатичката технологија**. Во чекор со глобалните трендови, македонскиот телекомуникациски пазар се развива рапидно, особено во сегментот на мобилната телефонија. Законот за електронски комуникации, што стапи во сила кон средината на 2005 година, е хармонизиран со регулативата на ЕУ, обезбедува стабилна и конзистентна регулација на комуникацискиот сектор и целосна либерализација на пазарот со цел привлекување инвестиции од домашни и странски оператори. Во 2014 година, оваа индустрија вработува 13.579 и учествува со 3,4% во БДП.

### 1.1.7. ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Република Македонија има високо ниво на трговска либерализација, што е производ на:

- Членството во Светската трговска организација (СТО) од 2003 година;
- Членството во ЦЕФТА – Договорите за слободна трговија со Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Хрватска;
- Договори за слободна трговија со Турција и Украина, како и со земјите на ЕФТА;
- Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ од април 2001 година, што ѝ дава на Македонија слободен пристап на европските пазари;

Како член на СТО, Македонија е обврзана да ги почитува трите основни правила во спроведувањето на трговската размена: (1) транспарентност на законите, (2) еднакви права и привилегии за домашните и странските компании и граѓани, и (3) принципот на најфаворизирана нација. Законот за царина е целосно усогласен со царинските системи воведени од страна на СТО и со комбинираната номенклатура на Европската унија.

Во периодот 2009-2014 година, македонската економија бележи удвојување на извозот, но и значително зголемување на увозот – Табела 1.1. Фактот дека трговската нето-размена не се менува укажува дека извозот расте со поголема стапка на годишен пораст и оттука на среден рок може да се очекува значително подобрување на трговската размена.

Главни извозни производи од Република Македонија се автомобилските делови, фероникел, нафтени масла и преработки, машини и апарати, производи од железо и челик, тутун, текстилни производи, вино, лекови, овошје, зеленчук, конзервирана храна. Главни извозни партнери се: Германија, Велика Британија, Србија, Грција, Бугарија, Италија, Кина. Турција, Романија. Доминираат земјите од ЕУ28.

Главни увозни производи се платината и легурите на платина, нафтените масла и маслата добиени од битуменозни минерали (освен сурови), електричната енергија и другите метали од платинската група и нивни легури, необработени или во облик на прав. Главни увозни партнери: Велика Британија, Германија, Бугарија, Италија, Србија, Кина, Руската Федерација, Украина, Хрватска, Словенија.

## 1.1.8. СООБРАЌАЈНА МРЕЖА

Република Македонија е континентална земја со стратешка местоположба на крстопатот на двата најголеми паневропски коридора (Коридорот 8 и Коридорот 10), што ја поврзуваа централна Европа со Јадранското, Егејското и Црното Море. Соседните земји на Република Македонија се потенцијален пазар од околу 30 милион луѓе, додека целата јужна Европа, како пазар, покрива население од 80 милиони.

*Слика 1.3-1 Локација на Македонија во Европа*




Македонија поседува широка сообраќајна мрежа од автопати и регионални патишта. Оваа мрежа е добро испланирана и квалитетна.

Во Република Македонија вкупната должина на патната мрежа изнесува 14.182 km, од кои 242 km се класифицирани како автопатишта, 911 km се магистрални патишта, 3.771 km регионални, а 9.258 km се локални патишта.

Должината на железничките пруги во Република Македонија изнесува 696 километри. Главната север-југ конекција од Белград до пристаништето во Солун поминува преку Македонија. Во 2015 година беа направени дополнителни инвестиции во железничкиот сообраќај преку купувањето на современи возови од НР Кина.

Македонскиот аеродромски систем го сочинуваат два аеродрома за меѓународен воздушен сообраќај („Александар Велики“ во Скопје и „Св. Апостол Павле“ во Охрид), пет спортски аеродроми со тревнати полетно-слетни патеки (Скопје-Стенковец, Куманово, Штип, Битола и Прилеп) адекватни за сите типови на спортска авијација и шест леталишта за авиони на стопанска авијација од кои се вршат услуги претежно за земјоделството и шумарството (во употреба е само едно).

## 1.1.9. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Република Македонија поседува добро развиена телекомуникациска мрежа со телегустина што соодветствува со просечната во регионот – 20 линии на популација од 100. Поранешниот „Македонски Телеком“, компанија што држеше монопол на пазарот беше приватизирана во 2001 година преку продажба на „Маѓар Телеком“. Постојат два мобилни оператора кои се активни на пазарот: „Т-мобиле“ Македонија (подружница на „Македонски Телекомуникации“) и ВИП (подружница на „Мобилком“ Австрија). Мобилната мрежа покрива 99% од населението со пенетрација повисока од 100%.

Согласно регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и податоци, бројот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи што обезбедуваат услуги преку кабелска инфраструктура изнесува 54. Дополнително, има три оператори кои обезбедуваат услуги преку IPTV-платформи, еден оператор што обезбедува услуга преку DVB-T-платформа и еден оператор што обезбедува услуга преку DVB-S-платформа. (Извор http://www.avmu.mk/ – Агенција за аудиовизуелни медиумски услуги – ажурирано на 27.11.2015).

Република Македонија интензивно ги следи тековите на дигиталната економија. Законот за податоци во електронска форма, како и дигиталниот потпис се усвоени во 2001 година, додека во последниот период сите закони се модифицирани за да овозможат користење на електронскиот потпис.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во првото тримесечје од 2015 година, 69,4% од домаќинствата имале пристап на интернет од дома, што е за еден процентен поен повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Учеството на домаќинствата со широкопојасен интернет во вкупниот број домаќинства е зголемено од 67,7% во 2014 година, на 69,0% во 2015 година. Речиси сите (99,5%) од домаќинствата со интернет-пристап имале широкопојасно (фиксно или мобилно) поврзување на интернет.

Во првото тримесечје од 2015 година, од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, компјутер користеле 69,2%, а интернет користеле 70,4%. Интернет најмногу користеле учениците и студентите, односно 94,7%. Од корисниците на интернет во првото тримесечје од 2015 година 71,2% употребиле мобилен телефон или паметен телефон за пристап на интернет надвор од дома или од работа.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2015 година, широкопојасен пристап на интернет (преку фиксна или мобилна конекција) имале 93,5% од деловните субјекти со десет или повеќе вработени. Пристап на интернет преку пренослив уред, употребувајќи мобилна телефонска мрежа (3G/4G) имале 59,1% од деловните субјекти.

Ваков тип на мобилна поврзаност на интернет (преку преносливи уреди: нотбук, лаптоп, смартфон, PDA-фон итн.), за деловна намена, користеле 11,4% од вработените во деловните субјекти. Половината (49,8%) од деловните субјекти користеле социјални медиуми (на пример, „Фејсбук“, „Линкдин“, „Твитер“, „Презент.ли“, „Јутјуб“, „Фликер“, „Пикаса“, Вики-алатки итн.), односно имале кориснички профил, сметка или лиценца за користење на одреден социјален медиум.

Околу 52% од деловните субјекти имале интернет-страница или почетна страница, од нив, 79% на интернет-страницата имале обезбедено опис на производите/услугите, ценовници, 40,2% имале наведено линкови/референции до нивните профили на социјалните медиуми, а 16,4% обезбедиле онлајн-нарачување, резервирање. Од деловните субјекти, 17,7% имале ERP – софтверски пакет за електронска и автоматска размена на информации во рамките на деловниот субјект, а 21,6% употребувале софтверска апликација за управување или анализа на информациите за клиентите, т.н. CRM.

Во текот на 2014 година, 7,7% од деловните субјекти со десет или повеќе вработени, имале е-трговија, односно купувале или продавале стоки или услуги преку компјутерски мрежи (преку веб или EDI), е-продажба реализирале 3,6%, а е-купувања имале 5,9% од деловните субјекти.

## 1.1.10. ЕНЕРГИЈА

Република Македонија се стреми да стане самоодржлива кога станува збор за електричната енергија. Вкупното годишно производство на електрична енергија се движи во рамките на 6.000 GWh и најмногу доаѓа од термалните и хидроелектричните извори. Ова производство покрива 65% од домашните потреби за електрична енергија. Во согласност со европските политики, Државната компанија за производство на електрична енергија се подели во четири независни единици: две за создавање, една за трансмисија и една за дистрибуција на електрична енергија. Компанијата за дистрибуција беше приватизирана во 2006 година, кога 90% од акциите беа продадени на австриската ЕВН.

Капацитетите за генерација на електрична енергија сè уште се во доминантна сопственост на државата со мали приватни инвестиции во изминатиот период.



# 2

# ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 2 ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 2.1 ПОЧНУВАЊЕ БИЗНИС

### 2.1.1 ОСНОВАЊЕ КОМПАНИЈА

Уставот на Македонија го гарантира еднаквиот третман на сите учесници на пазарот и правото за странските инвеститори слободно да ги пренесат и да ги вратат инвестициите, капиталот и добивката. Според Законот за трговски друштва (Службен весник, број 28/04) во Република Македонија можат да се регистрираат два вида на правни лица:

- Трговец-поединец (физичко лице кое во вид на занимање врши некоја од трговските дејности); и
- Трговско друштво (правно лице во коешто едно или повеќе лица вложуваат пари, ствари и/или права што ги користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето).

Трговските друштва во зависност од формата се делат на следните видови:

- Друштво со ограничена одговорност (ДОО);
- Акционерско друштво (АД);
- Командитно друштво; и
- Јавно трговско друштво.

### 2.1.2 ФОРМА НА ТРГОВСКО ДРУШТВО (ВИДОВИ НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА)

Најчеста форма на трговско друштво во Република Македонија се друштвата со ограничена одговорност (ДОО). ДОО е трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и/или правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото. ДОО може да биде основано од едно или повеќе физички и/или правни лица (најмногу 50). Кога друштвото со ограничена одговорност се основа од едно правно или физичко лице, тоа се нарекува друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ).

Во правниот промет со трети лица основачите на друштвото не одговараат лично за обврските на друштвото, но преземаат ризик за работењето на друштвото до висината на својот влог што го внеле во друштвото. Во правниот промет со трети лица ДОО за своите обврски одговара со целиот свој имот.

Друга форма на правни субјекти што е често застапена во Република Македонија е трговец-поединец, каде што физичкото лице одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

### 2.1.3 ЧЕКОРИ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ КОМПАНИЈА

#### *2.1.3.1 Потребни документи за регистрирање компанија*

Во Република Македонија е воспоставен едношалтерски систем за регистрација на ново правно лице во кој се обединија сите правно релевантни статусни податоци за почеток на работењето и остварување на правата на деловниот субјект.

За да се регистрира ново правно лице во Република Македонија се поднесува пријава на пропишан образец за упис во Централниот регистар на Република Македонија. Со пријавата се поднесуваат и одредени документи предвидени со Законот за трговски друштва.

Во случај кога како основач на правното лице се јавува друго правно лице потребна е заверена копија на документот за регистрација на правното лице, а доколку како основач се јавува физичко лице потребна е заверена копија од документот за идентификација (лична карта).

Друштвото со ограничена одговорност (ДОО) се основа со Договор за основање на друштвото, а доколку основач е едно лице (ДООЕЛ), тогаш тоа се основа со изјава. Договорот и изјавата се потпишуваат од страна на сите основачи и нивните потписи се заверуваат кај нотар.

Договорот, изјавата и другите документи (пропишани со Закон за трговски друштва) се поднесуваат до Централниот регистар на Република Македонија.

Пред да се пристапи кон подготовка на документите за регистрација потребно е да се определи името на друштвото (во Централниот регистар да се провери дали постои друштво со исто име), седиштето на друштвото, управителот на друштвото, да се изврши проценка на основачкиот влог и да се одреди банката во која ќе се отвори жиро-сметка.

### *2.1.3.2 Доставување на документите*

Пријавата за упис на друштвото со сите потребни документи се доставува до Централниот регистар на Република Македонија или, пак, во нивните канцеларии во сите поголеми градови низ Република Македонија. Субјектите за коишто е утврден задолжителен упис во трговскиот регистар се должни во рок од петнаесет дена од денот на стекнувањето на условите за поднесување пријава за упис во трговскиот регистар да поднесат пријава за упис, освен ако со Законот за трговските друштва и со друг закон поинаку не е определено. По истекот на три месеца од денот на стекнување на условите за поднесување пријава, Централниот регистар нема да ги запише податоците и ќе ја отфрли пријавата, освен ако не е поинаку определено со овој закон.

Како нова услуга, Централниот регистар овозможува и електронско доставување на документите, односно е-Регистрација преку овластени регистрациски агенти или самостојно доколку се поседува дигитален сертификат. Постапката се состои од три чекори: (1) обезбедување сертификат, (2) подготовка на документацијата, и (3) поднесување на пријавата. Регистрацијата се прави без никакви трошоци ниту кон Централниот регистар, ниту кон регистрацискиот агент.

### *2.1.3.3 Времетраење на постапката за регистрација*

Согласно информацијата на интернет-страницата на Централниот регистар, времетраењето на регистрација на деловен субјект изнесува три дена преку едношалтерскиот систем.

### *2.1.3.4 Трошоци за регистрација на правно лице*

Трошоците за регистрација на ДОО/ДООЕЛ во просек изнесуваат околу 12.000 денари.

Административната такса за регистрација на ДОО/ДООЕЛ во хартиена форма преку регистрациските канцеларии на Централниот регистар изнесува 2.399 денари.

Надоместок за услугата на проценителот за извршена проценка на основачкиот капитал што не е фиксен и зависи од видот на основните средства што се проценуваат. Нотарските трошоци зависат од бројот на основачите.

Изработка на печат – 500 до 1.000 денари.

Надоместокот за правната услуга извршена од страна на овластено лице, адвокат, не е фиксна и зависи од видот на друштвото што се регистрира, бројот на основачите и специфичностите поврзани со организациската посветеност на друштвото. На шалтерот може да се провери дали веќе постои фирма со исто или слично име. Процедурата трае еден ден. Откако ќе се завршат сите процедури ќе биде потребно само да отворите жиро-сметка во банката во која ќе одлучите да имате сметка. Основач и управител на фирма можат да бидат лица согласно Законот за трговски друштва.

Регистрирањето на правниот субјект по електронски пат преку системот за е-Регистрација е бесплатен за сите видови на правни субјекти.

#### *2.1.3.5 Потребни дозволи за почнување на сопствен бизнис и надлежни институции за нивно издавање*

Во Република Македонија постои Национална класификација на дејности, во која се наведени сите дејности со стандардни називи и шифри на дејности. За поголемиот дел од дејностите не се потребни дозволи, но постојат исклучоци за кои е потребна дозвола од надлежен орган. Најдобар извор на информации за потребата од вадење дозволи може да се добие од Централниот регистар, соодветните министерства и адвокатите.

#### *2.1.3.6. Документи што се добиваат по регистрацијата*

Со воведувањето на едношалтерскиот систем во Република Македонија постапката за регистрација на правните субјекти е забрзана и олеснета. Со завршувањето на постапката за упис во Централниот регистар, правниот субјект со Решението за регистрација на друштвото добива:

- Матичен број на друштвото (ЕМБС);
- Даночен број на друштвото (ДБ);
- Документ за царинска евиденција;
- Документ за регистрирана претежна (основна) дејност согласно националната класификација на дејности; и
- Број на жиро-сметка од претходно избраната деловна банка.

Дополнително, правниот субјект треба да се регистрира како обврзник за Данок на додадена вредност (ДДВ).

### 2.1.4 ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА ОСНОВАЧКИ ВЛОГ

Основната главнина на друштвото (што се состои од збирот на основните влогови) не може да биде помала од 5.000,00 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ.

Влоговите што се внесуваат при основањето на друштвото можат да се состојат од пари (паричен влог), подвижни и неподвижни ствари (непаричен влог) и права што можат да се проценат и да се изразат во пари и се во зависност од изборот на основачот.

Непаричните влогови што се внесуваат при основањето на друштвото мораат да бидат проценети (да им се определи вредноста во пари) од страна на овластен судски проценител. Надоместокот за извршената проценка изнесува 50 евра во зависност од вредноста на влогот што се проценува.

Основачките влогови можат да се внесат пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во Централниот регистар.

Во тој случај паричните влогови се уплатуваат на привремена сметка на друштвото, а за непаричниот влог се врши проценка од овластен судски проценител.

Со последните измени на Законот за трговски друштва предвидена е можноста содружникот паричниот влог да го уплати, односно непаричниот влог да го внесе во рок од една година од денот на извршениот упис на друштвото.

Значи, пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото содружникот нема обврска за уплатување на паричниот влог, ниту, пак, обврска за внесување на непаричниот влог.

### 2.1.5 СТРУКТУРАТА НА ФИРМАТА

#### *2.1.5.1 Управител на фирмата*

Управител може да биде секое деловно способно физичко лице.

Управител може да биде домашно и странско физичко лице.

За управител не може да биде избрано лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да извршува должност поврзана со функцијата управител на друштвото сè додека трае таа забрана.

### *2.1.5.2 Минимална управувачка структура согласно законот*

Задолжителни органи во друштвата со ограничена одговорност (ДОО) се:

Собирот на содружниците, што го сочинуваат сите содружници (основачи) и на кој се однесуваат одлуките (секој основач има право на глас сразмерно на својот удел);

Управител кој го застапува друштвото во односите со трети лица.

### *2.1.5.3 Задолжително регистрирана фирма во земјата*

Во Република Македонија за да можете да вршите дејност морате да бидете регистрирани согласно Законот за трговски друштва.

Странските друштва и странските трговци-поединци можат да вршат дејност во РМ преку свои подружници (регистрирани во Централниот регистар), што во прометот настапуваат во име и за сметка на странското друштво.

### *2.1.5.4 Закони што се однесуваат на странските фирми*

Во своето работење во Република Македонија странските друштва (преку регистрираните подружници) работат според законите на Република Македонија и во работењето се изедначени со домашните физички и правни лица, освен ако со меѓународни договори не е поинаку уредено.

Во случај кога странско физичко или правно лице се јавува како основач на трговско друштво во РМ, тогаш со завршувањето на постапката за регистрирање и добивањето на Решението од Централниот регистар, новоформираното друштво стекнува својство на домашно правно лице за кое важат македонските законски прописи.

### *2.1.5.5 Начин на ликвидирање фирма и повраток на инвестираните средства*

Потребниот период за бришење фирма по нормална постапка во Централниот регистар изнесува 22 дена.

Друштвото може да престане со работа:

- со истекот на времето за кое е основано;
- со одлука на содружниците; и
- со одлука на судот.

Во овие случаи се спроведува постапка за ликвидација на друштвото. Постапката за ликвидација се спроведува кога друштвото е солвентно и трае од четири до пет месеци.

Имотот што останува по расчистувањето на сите обврски се распоредува меѓу содружниците (основачите) сразмерно на влогот што го имале во друштвото.

Кога друштвото не е солвентно, тогаш се спроведува постапка на стечај. Стечајната постапка трае од два месеца до една година, во зависност од видот на друштвото, имотот на друштвото, побарувањата и долговите.

# 2.2 ПРАВНА РАМКА ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС

## 2.2.1 ЗАКОНСКА РАМКА ЗА АКТИВНОСТИТЕ И СТРУКТУРАТА НА ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ

Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ, бр. 28/2004) е основен закон со кој се регулирани активностите и структурата на правните субјекти. Со овој закон се уредуваат разните видови на трговски друштва, процедурите на нивното основање и регистрација, висината на основната главнина, времетраењето на друштвото, начинот на управување и застапување, правата, обврските и одговорностите на основачите, како и нивните меѓусебни односи, начинот на распоредување на добивката и покривањето на евентуалната загуба, обврската за водење на сметководство, обврската за водење на трговски книги, обврска за составување на годишни сметки и финансиски извештаи, чувањето на трговските книги, сметководствените документи, престанок на друштвата и други прашања значајни за организацијата и работењето на трговските друштва.

## 2.2.2 ИМОТ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Регистрираното трговско друштво, како правно лице, може да стекнува права и да презема обврски, да стекнува сопственост на подвижни (возила, компјутери) и недвижни ствари (деловни простори, земјиште), како и да стекнува други права што имаат имотна вредност.

## 2.2.3 ТРЕТМАН НА СТРАНСКОТО ПРАВНО ЛИЦЕ СО РЕГИСТРАЦИЈАТА

Трговското друштво (основано од странски физички и правни лица) со уписот во Централниот регистар стекнува својство на домашно правно лице. Новоформираното друштво има својство на домашно правно лице и за него важат и се применуваат македонските законски прописи.

## 2.2.4 РЕГУЛИРАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТА И СОПСТВЕНИЧКИТЕ ПРАВА НА СТРАНСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Право на сопственост можат да стекнуваат сите домашни и странски физички и правни лица, под услови и начини предвидени со Законот за сопственост и други стварни права (Службен весник на РМ, бр. 18/2001).

- Странски физички и правни лица можат да стекнат право на сопственост врз подвижни ствари под исти услови, како и домашните физички и правни лица;
- Странски физички лица можат со наследување да стекнат право на сопственост врз недвижни ствари во РМ под услови на реципроцитет. Исто така, странски правни лица можат под услови на реципроцитет да стекнат право на сопственост врз недвижни добра во РМ со наследување врз основа на тестамент;
- Странски физички и правни лица можат под услови на реципроцитет да стекнат право на сопственост на станбен и деловен простор во РМ;
- Странски физички и правни лица под услови на реципроцитет и претходна согласност на министерот за правда, по обезбедено мислење од надлежното министерство (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за транспорт и врски) и министерот за финансии, можат да стекнат само право на долготраен закуп (но, не и сопственост) на градежно и земјоделско земјиште.

Како што е погоре наведено, со извршената регистрација на трговско друштво во РМ, друштвото добива својство на домашно правно лице и нема статус на странско правно лице.

## 2.2.5 ЦЕНОВНО КОНТРОЛИРАНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Постои многу мал број на ценовно контролирани производи и услуги. Во групата на такви производи спаѓаат енергентите чиешто регулирање е од страна на независно регулаторно тело, односно Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, која е основана 2002 година со Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика (Службен весник, бр. 94/02). Комисијата одлучува за цената врз основа на свои сопствени пресметки и методологии.

### 2.2.6 ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

На правните субјекти што работат во спротивност со законските прописи и ги нарушуваат принципите на свесност и доверливост (поднесување на нереални изјави за потеклото на производите, процесот на производството итн.) може да им биде изречена забрана за вршење дејност и да биде побарано да извршат компензација на штетата со цел да ја спречат нелојалната конкуренција. Овие одредби се во согласност со Законот против нелојалната конкуренција (Службен весник, бр. 80/99).

Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник, бр. 4/05) обезбедува слободна конкуренција на домашниот пазар и ги утврдува формите на ограничување и нарушување на конкуренцијата.

### 2.2.7 РЕГИСТРИРАЊЕ НА СОПСТВЕН ПРОИЗВОД И НЕГОВА ЗАШТИТА ОД НЕЗАКОНСКО ПРОИЗВОДСТВО ИЛИ УВОЗ

Заштитата на производите од нелегален увоз (стекнување и заштита на правата на индустриска сопственост) се врши врз основа на процедурата пропишана со Законот за индустриска сопственост. Државната агенција за индустриска сопственост во Скопје е овластена за заштита на правата на индустриска сопственост. Правата од индустриска сопственост се: патент, модел и мостра, стоковен и услужен жиг и ознака на потеклото на производот.

- Патентот е право на индустриска сопственост што обезбедува заштита на иновацијата (решение за одреден технички проблем);
- Индустриски дизајн (нова форма на изгледот, слика, цртеж) е право на заштита на дизајнот на производот по легален пат;
- Стоковен жиг е право на индустриска сопственост што го заштитува трговскиот знак (графичкиот дел);
- Ознака на потеклото на производот е право на индустриска сопственост што го заштитува географското име и потекло (земјата, регионот од каде што потекнува производот).

Со овој закон правата на индустриска сопственост се гарантирани и никој друг не смее неовластено да ги користи.

### 2.2.8 СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕДУРИ

Република Македонија ги применува Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) што се објавени во Службен весник, бр. 159/2009, 164/2009, 107/201.

### 2.2.9 ПОДНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Годишните финансиски извештаи се поднесуваат до крајот на февруари од тековната година за претходната година и опфаќаат: биланс на состојба, биланс на успех, даночна пријава и други посебни податоци.

### 2.2.10 СМЕТКОВОДСТВЕНИ, РЕВИЗОРСКИ И/ИЛИ АДВОКАТСКИ УСЛУГИ

Сметководителите и ревизорите во Република Македонија се здружуваат во разни здруженија. Сојузот на стопански комори на Македонија како седма стопанска комора ја основа Коморага на сметководители со цел унапредување на работењето и решавањето на тековните проблеми на сметководствените бироа, обезбедување на стручна помош и други деловни услуги на фирмите-членки.

Регистри на овластените ревизори, како и регистри на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци-поединци можат да се најдат на Институт на овластени ревизори.

Адвокатите се групирани во Адвокатска комора на Македонија, која има регистар на сите адвокати во земјата. Освен во овие здруженија, информации можат да се добијат во трговските, локалните регистри, како и во канцелариите за локален економски развој на општините.

### 2.2.11 НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

Надворешната ревизија е задолжителна за средни и големи фирми. За малите фирми со помалку од 50 вработени надворешната ревизија не е задолжителна.

# 2.3 ДАНОЦИ

## 2.3.1 ВИДОВИ ДАНОЦИ

Фирмите што работат во Република Македонија се даночни обврзници по основа на:

- Данок на додадена вредност;
- Данок на добивка;
- Персонален данок на доход; и
- Акцизи.

## 2.3.2 ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

### *2.3.2.1 Дефиниција на Данок на додадена вредност (ДДВ)*

Данокот на додадена вредност (ДДВ) е општ данок на потрошувачка што се пресметува и се плаќа во сите фази на производство и трговија, како и при вршење на услугите и извоз.

### *2.3.2.2 ДДВ-обврзници*

ДДВ-даночен обврзник е правно и физичко лице кое врши дејност на територијата на Република Македонија. Обврска за задолжителна регистрација на ДДВ имаат само оние даночни обврзници што во изминатата календарска година оствариле вкупен:

- оданочив промет над 1.000.000 денари (30.000 евра), (вклучувајќи го данокот што отпаѓа на него, освен прометот ослободен без право на одбивка на претходен данок); или чијшто вкупен промет се предвидува на почетокот на вршењето на стопанската дејност дека ќе го надмине износот над 1.000.000 денари; или во текот на годината го надмине износот над 1.000.000 денари.
- На малите стопански субјекти им се дава можност да избираат дали ќе бидат регистрирани како ДДВ-обврзници. Ако изберат да останат надвор од системот на ДДВ, тие се оданочуваат како финални потрошувачи и немаат право на одбивка на претходен данок.

### *2.3.2.3 Време на настанување на даночната обврска*

Даночниот долг настанува во моментот кога е извршен прометот на доброто, односно во моментот кога услугата е целосно извршена. Доколку плаќањето е извршено пред извршувањето на прометот, време на настанување на даночниот долг е моментот кога е добиено плаќањето. При увозот на добра, време на настанување на даночниот долг е денот на настанување на обврската за плаќање на царината и другите увозни давачки или денот на внесување на доброто во земјата, кога се работи за добро што не подлежи на плаќање царина.

### *2.3.2.4 Висина на даночните стапки за ДДВ*

Данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки врз даночната основа за промет на стоки и услуги и увоз, што може да се оданочи:

- Според општата даночна стапка од 18%;
- Според повластената даночна стапка од 5%.

Повластената даночна стапка се применува за трговија и увоз на производи за човечка исхрана, вода за пиење од јавните системи за снабдување и одведување на урбаните отпадни води и води за наводнување на земјоделско земјиште, публикации (освен публикации што служат претежно за рекламни цели, како и публикации со порнографска содржина), семенски и посадочен материјал за производство на

земјоделски растенија, ѓубрива, средства за заштита на растенија, фолии од пластична маса за употреба во земјоделството, земјоделска механизација (напомена: ќе се применува до пристапување на РМ во членство на ЕУ), лекови, медицинска опрема, помагала и други уреди, чијашто намена е за олеснување или третирање инвалидност исклучително за лична употреба од страна на лица со инвалидитет, сурово масло за производство на храна за човечка исхрана, првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој тие се користат за станбени цели и кој ќе се врши во рок од пет години по изградбата (напомена: ќе се применува од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2015 година), превоз на лица и нивниот придружен багаж, софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери), услуги за одржување на јавна чистота и отпремување отпад и услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион во сите видови на комерцијални угостителски објекти.

#### *2.3.2.5 Даночни ослободувања*

Постојат одредени ДДВ-ослободувања. Законите за ДДВ во Република Македонија предвидуваат одредени даночни ослободувања, меѓу кои и при увоз. Со оглед на тоа што малите бизниси не се даночни обврзници, ним им е дадена можност да избираат дали ќе се обврзат да плаќаат ДДВ. Во случај да ја изберат оваа алтернатива го губат правото на даночни ослободувања.

Список на сите други даночни ослободувања можат да се најдат на интернет-страницата на Управата за јавни приходи.

### 2.3.3 ДАНОК НА ДОБИВКА

#### *2.3.3.1 Даночни обврзници што плаќаат данок на добивка*

Данокот на добивка го плаќаат правните лица-резиденти или нерезиденти, за добивката што ја остваруваат од вршење дејност на територијата на Република Македонија.

Правното лице се смета дека е резидент доколку е регистриран согласно Законот за трговски друштва или доколку има седиште на територијата на Република Македонија.

Резидентите се оданочуваат за добивката што ја остваруваат во земјата и странство, додека нерезидентите се оданочуваат само за добивката што ја остваруваат од деловната активност на територијата на Република Македонија.

#### *2.3.3.2 Даночна основа за пресметување на данок на добивка*

Даночната основа на данокот на добивка за соодветниот даночен период (една календарска година) претставува износот на непризнаените расходи и помалку искажани приходи.

#### *2.3.3.3 Даночната стапка*

Стапката на данокот на добивка е 10%.

#### *2.3.3.4 Даночни олеснувања и ослободувања во однос на данокот за добивка*

Обврзникот кој е корисник на технолошка индустриска зона се ослободува од плаќање на данокот на добивка, како и од персоналниот данок на доход (што значи ефективната стапка изнесува 0%) за период од десет години, од почнувањето на вршењето дејност во зоната, под услови и постапка утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

На обврзникот кој е должен согласно Законот за регистрирање на готовинските плаќања да воведе и да користи одобрен систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, му се намалува пресметаниот данок за набавени до десет фискални апарати во висина на нивната набавна вредност.

#### *2.3.3.5 Поедноставен даночен режим за трговски друштва*

Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци се ослободени од обврската за плаќање на данокот на добивка за остварен вкупен приход до 3.000.000 денари.

Трговските друштва што во текот на годината остваруваат вкупен приход од 3.000.001 до 6.000.000 денари, им се овозможува избор на режимот/моделот на оданочување, така што тие ќе имаат можност да плаќаат данок на вкупен приход во висина од 1%, наместо данок на добивка по стапка од 10%, како што предвидува постојното законско решение.

Трговските друштва одбраниот модел на оданочување нема да можат да го менуваат во наредните три години, вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данок на вкупен приход, доколку во наредните три години остваруваат вкупен приход од 3.000.001 денари до 6.000.000 денари на годишно ниво.

#### *2.3.3.6 Одбегнување на двојното оданочување*

Освен ако поинаку не е регулирано со меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување, домашно правно лице, домашно физичко лице – регистрирано за вршење дејност; и странско правно лице или физичко лице – нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија должни се при исплатата на приходот на странско правно лице да го задржат и да го уплатат данокот на соодветната уплатна сметка истовремено со исплатата на приходот.

Во законот предвидени се унилатерални мерки со кои на обврзникот – резидент на РМ кој на добивката остварена во странство платил данок во друга држава, му се намалува пресметаниот данок во земјата за износот на данокот на добивка платен во странство, но најмногу до износот што би се добил со примена на стапката од Законот за данок на добивка. Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување со триесетина земји.

### 2.3.4 ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

#### *2.3.4.1 Даночни обврзници за персонален данок на доход*

Персоналниот данок на доход е данок што го плаќаат даночните обврзници – физички лица, на севкупниот приход што го остваруваат од разни извори, односно на сите приходи што ги остваруваат од разни извори, односно на сите приходи што ги остваруваат во земјата и во странство во текот на една календарска година. Даночен обврзник-резидент се смета физичко лице кое на територијата на Република Македонија има постојано место на живеење и престојувалиште или доколку престојува непрекинато или со прекини 183 дена или повеќе во рамките на 12-месечен период.

#### *2.3.4.2 Даночна основа за пресметување на персонален данок на доход*

Даночна основа претставува позитивната разлика од бруто-приходот што се добива како збир на износите на одделените видови приходи што ги остварил обврзникот во годината за којашто се утврдува данокот и одбитоците што ги дозволува Законот за персонален данок на доход, како што се следните:

- придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување;
- придонеси за доброволно пензиско и инвалидско осигурување платени од обврзникот;
- личното ослободување што за 2016 година изнесува 7.357 денари месечно или 88.284 денари годишно; и
- други трошоци што му се признаваат на обврзникот што ги има направено при остварување на доходот.

Основа за пресметување на персоналниот данок на доход на приходите од камата претставува износот на пресметаната камата, по стапка од 10%. Каматите по јавни заеми, каматите на обврзници издадени од Република Македонија и единиците на локалната самоуправа и каматите на штедни влогови, тековни сметки и депозити по видување, не се предмет на оданочување.

Капитални добивки се приходите што ги остварува даночниот обврзник како позитивна разлика помеѓу продажната и куповната цена на хартиите од вредност, учеството во капиталот и недвижниот имот. Основа за оданочување е 70% од остварената капитална добивка, што аконтативно се оданочува по стапка од 10%. Капиталните загуби остварени од продажба на хартии од вредност можат да се пребиваат со остварените капитални добивки, а доколку и по извршеното пребивање се јави разлика, таа може да се пренесе на добивките што ќе се остварат во наредните три години. Капитална добивка не се плаќа на

средства остварени од продажба на недвижен имот што обврзникот го продава по три години од денот кога го стекнал.

Дивидендите аконтативно се оданочуваат со данок по одбивка по стапка од 10% на бруто-дивидендите, односно приходите од учество во добивката распределени на обврзникот.

Добивки од игри на среќа претставува доходот остварен од добивки од игри на среќа и други наградни игри. Данок не се плаќа на остварената добивка доколку таа не надминува износ од 10.000 денари, а во спротивно данокот се пресметува врз целиот износ на добивката, по стапка од 10% и платениот данок претставува конечно расчистена даночна обврска.

За сите овие приходи што ги остваруваат физичките лица, а не се опфатени со Законот за персонален данок на доход, даночната основа се утврдува со одбивање на 35% нормирани трошоци од бруто-приходот, а пресметаниот и наплатениот данок по одбивка се смета за конечно расчистена даночна обврска.

Освен приходите за кои аконтативно платениот данок се смета за конечно расчистена даночна обврска, сите други видови приходи се дел од годишниот доход на обврзникот, што на крајот на годината збирно се оданочува според годишната даночна стапка, при што износите на платените аконтации и користените олеснувања се одбитни ставки.

#### *2.3.4.3 Даночна стапка за Данокот на доход*

Данокот на доход се плаќа по стапка од 10%.

### 2.3.5 АКЦИЗИ

Акцизите се плаќаат за следните производи: минерални масла; алкохол и алкохолни пијалаци; тутунски добра и патнички автомобили. За да се увезуваат/извезуваат добра што подлежат на акцизни обврски потребна е акцизна дозвола издадена од Управата за јавни приходи во согласност со Министерството за финансии. Акцизите се регулирани со Закон за акцизи. Постојат посебни случаи кога има олеснувања кон обврската за акцизи.

## 2.4 ТРГОВИЈА И ТАКСИ/ДАВАЧКИ

### 2.4.1 ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА ТРГОВИЈА

Регионалната трговија на Република Македонија со земјите во регионот се регулира преку билатерални или мултилатерални договори за трговија. Трговијата со членките на ЕУ е регулирана преку Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА) помеѓу ЕУ и Република Македонија (Службен весник, бр. 28/2001).

Потпишани се билатерални договори за заштита на инвестициите со околу 30 држави, од кои 13 се со членките на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).

Поединечни договори за слободна трговија се потпишани со Турција и Украина, со земјите од ЕФТА, со што се овозможува бесцарински пристап на Македонија до пазарите од 650 милиони потрошувачи. Во 2006 година Македонија стана членка на Централноевропскиот договор за слободна трговија, ЦЕФТА (Службен весник, бр. 59/2006) со кој се регулира трговијата со членките.

### 2.4.2 ВИСИНА НА ОПШТИТЕ ЦАРИНСКИ ТАРИФИ

Општите царински тарифи во Република Македонија се дадени во царинскиот тарифник според принципот третман на најповластена нација, т.е. нормална трговија (Службен весник на РМ, бр. 86/2004). Царинските тарифи се објавуваат на годишно ниво и во согласност со Светската царинска организација (СЦО). Билатералните и мултилатералните договори овозможуваат подобри трговски услови, како што овозможуваат договорите за слободна трговија ЦЕФТА и ДСА.

### 2.4.3 ПРОЦЕДУРА ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА УВОЗ И КАТЕГОРИИ НА ПРОИЗВОДИ

Постои процедура за добивање на посебни дозволи за увоз и извоз на одредени производи. Општите категории на производи за кои е потребна дозвола за увоз/извоз се производи што имаат цел:

- заштита на здравјето на луѓето, животните и растенијата;
- заштита на околината;
- добра за кои е потребно да исполнуваат одредени метеоролошки и други услови;
- добра (готови производи и производи што не се користени) за чијшто увоз потребни се документи за потврдување проверка и друга техничка документација;
- увоз на стоки што бараат дозвола од НБРМ;
- увоз на одредени метали, валути и друго;
- увоз на армиска/воена опрема.

За сите од горенаведените категории постои: одреден орган кој е одговорен, документи што се потребни, како и конкретна регулатива.

### 2.4.4 ЗАБРАНИ ЗА УВОЗ И КАТЕГОРИИ НА ПРОИЗВОДИ

Не постојат забрани за увоз сè додека увозникот поседува дозвола за увоз за производите чијшто увоз се регулира со дозволи за увоз.

### 2.4.5 ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ДАНОЦИ И ДАВАЧКИ

Кога увезуваме стоки, обврската за плаќање на царински даноци и други царински давачки настанува на денот на увоз на стоките во земјата.

Царинските даноци се плаќаат на терминал и/или во канцелариите на царина. За повеќе детали треба да се контактираат шпедитерските фирми.

### 2.4.6 ПРОЦЕДУРА ЗА ПОВРАТОК НА ДАНОКОТ ЗА ЦАРИНА

Кога стоките се увезуваат за облагородување, а се наменети за извоз во трети земји, фирмата што ја увезува стоката потребно е да обезбеди привремена финансиска гаранција во вредност на минимум вредност на царината ист како во случај стока да е наменета за продажба во земјата. Оваа гаранција може да биде платена при секој увоз или годишна гаранција што не е под 10.000 евра.

### 2.4.7 ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ПРОЦЕДУРА

Должината на процедурата зависи од видот на стоката што се увезува и е различна за различни стоки во зависност на тарифните броеви. Должината на процедурата зависи од тоа дали увозникот ги има сите документи и дали тие се адекватно пополнети или да приложи банкарска гаранција во висина на давачките (царина и ДДВ).

### 2.4.8 ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ПРОЦЕДУРА

Во корист на увозникот/извозникот е да се ангажира шпедиција за побрзо извршување на постапката. Шпедитерите имаат најадекватно знаење за законите и регулативите, како и документацијата за стоките. Сите информации за потребните стоки и за потребните документи и формулари можат да се најдат во Царинската управа. За повеќе детали посетете ја страницата на Царинска управа, Министерството за економија, Министерството за финансии и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (Invest Macedonia), Стопанска комора на Македонија и Сојузот на стопански комори.

### 2.4.9 ИЗВОРИ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Повеќе детали за царинската процедура, потребните документи, формуларите, како и времетраењето на царинската процедура на царинските терминали може да се најде на интернет-

страницата на Царинска управа на Република Македонија, како и на страницата на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM.

# 2.5 РАБОТНА СИЛА

## 2.5.1 ВРАБОТУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ВО ФИРМАТА

### *2.5.1.1 Законска основа*

Работните односи и вработувањето во Република Македонија се регулирани согласно Законот за работни односи (пречистен текст, Службен весник, бр. 158/2010); Закон за вработување и работа на странци (Службен весник, бр. 70/07); Закон за безбедност и здравје при работа (Службен весник, бр. 92/07); Закон за заштита на лични податоци (Службен весник, бр. 7/05 и 103/08); колективните договори и други правни акти.

Со законската регулатива се регулира спроведување на правата, обврските и одговорностите на работникот и работодавачот, а се однесуваат на заклучок; измена и престанок на договорите за вработување; работни часови; отсуства и празници; работна дисциплина; надоместок на штета; посебна заштита за некои категории на вработени итн. Една од главните цели на македонското законодавство за вработување е да се создаде минимум ниво на заштита за вработените.

### *2.5.1.2 Видови на работни ангажмани*

Договорите за вработување мораат да бидат склучени во писмена форма. Работодавачот е должен писмено да ја извести Агенцијата за вработување за потпишување на секој договор за вработување, истиот ден од денот на потпишување и за престанок на договорот за вработување, во рок од осум дена од денот на престанокот на мандатот.

Договорите за ангажирање работници можат да се склучени за определен период на време (за задачи што се однесуваат на одреден временски период и имаат фиксен рок) или, пак, на неопределено време (за задачи без однапред дефинирано време за извршување). Најчест и општо прифатен тип на договор за вработување во Република Македонија е договорот со неопределен рок со што се овозможува подобра заштита на правата на вработените и нивните интереси. Договорот за вработување на неопределено време не може да се трансформира во договор на определено време без претходна писмена согласност на работникот. Согласно законската регулатива се овозможува вработување за сезонска работа, пробна работа итн.

### *2.5.1.3 Пријавување на вработените*

По завршувањето на регистрацијата на фирмата и пред почнување на активностите сите работници ангажирани од нејзина страна мораат да бидат регистрирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

### *2.5.1.4 Времетраење на пријавувањето на вработените*

Процедурата на пријавување може да се заврши за еден ден.

### *2.5.1.5 Минимален број на пријавени лица*

Управителот мора да биде пријавен како вработен (минимум законска обврска) и во зависност од потребите сите ангажирани лица мораат да бидат регистрирани како вработени.

### *2.5.1.6 Минимални обврски на работодавецот кон вработените*

Работодавецот мора да обезбеди бруто-плата на вработениот, што се состои од:

- Нето-плата (минимален износ утврден на месечна основа од страна на Заводот за статистика во согласност со регистрираната дејност);

- Персонален данок од плата 3,16%;
- Придонес за здравствено осигурување 7,3% и за пензиско осигурување во висина од 18% од платата;
- Некои други мали надоместоци (придонес за вработување 1,2%, дополнително професионален придонес од 0,5%).

Сите придонеси заедно изнесуваат околу 27% од бруто-платата.

#### *2.5.1.7 Висина на просечна плата на национално ниво*

Просечна исплатена месечна нето-плата во октомври 2013 година изнесувала 21.247 денари.

### 2.5.2 РЕГИСТРИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Земјоделска дејност може да врши физичко лице чијшто обем на работа не ја надминува земјоделската дејност од помал обем (дејност од помал обем претставува вршење на земјоделска дејност лично од страна на земјоделецот и најмногу десет вработени, вклучувајќи ги и членовите на неговото семејство, како и најмногу пет сезонски работници).

Индивидуалниот земјоделец треба да биде запишан во регистарот на индивидуални земјоделци во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку индивидуалниот земјоделец ја надминува земјоделската дејност од помал обем должен е да се регистрира како трговец-поединец или како трговско друштво. Регистрацијата на трговец-поединец и трговско друштво се врши во трговскиот регистар при Централниот регистар на РМ – подрачните канцеларии.

### 2.5.3 ВРАБОТУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Вработување на странски државјани е регулирано согласно Законот за вработување и работа на странци. Странец може да биде вработен во македонска фирма врз основа на претходно добиена дозвола за престој и издадена работна дозвола од страна на Агенцијата за вработување на РМ на претходно доставено барање поднесено од работодавачот или странецот.

Странец може да се вработи или самовработи во РМ ако поседува:

- дозвола за работа; и
- има регулиран престој во државата.

Видовите дозволи за работа и постапката за нивно добивање се регулираат со Законот за вработување и работа на странци (Службен весник, бр. 70/07).

Постојат три вида работни дозволи:

- Лична работна дозвола со која странецот има слободен пристап на пазарот на трудот (вработување, самовработување) независно од работодавачот;
- Дозвола за вработување (со овој вид дозвола странецот може да биде вработен само кај работодавачот кој го поднел барањето за неговата работна дозвола); и
- Дозвола за работа што се издава за конкретно утврдена цел.

Влезот, напуштањето и престојот на странците се регулира со Законот за странци (Службен весник, бр. 35/06) според кој странецот може да добие:

- престој до три месеци;
- привремен престој; и
- постојан престој.

Странец кој основа фирма во РМ може да добие привремен престој, а по истекот на пет години и исполнување на други правни услови може да добие дозвола за постојан престој.

# 2.6 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИРМИТЕ

## 2.6.1 ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Финансискиот систем во Република Македонија се состои од: Народната банка на Република Македонија (НБРМ), комерцијалните банки, штедилници, менувачници, Фондот за осигурување депозити, осигурителни компании, инвестициски фондови, пензиски фондови, компании за управување со фондови, компании за лизинг, брокерски куќи и берзата.

## 2.6.2 БАНКИ

Банкарскиот систем се состои од 17 банки (15 приватни банки, едно претставништво на странска банка и државната Македонска банка за поддршка на развојот) и четири штедилници. Според Законот за банките, банка мора да се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија. Банките се должни да ги следат пропишаните супервизорски стандарди во поглед на солвентноста и адекватноста на капиталот, менаџментот на ризик, лимитите на изложеност, инвестиции, ликвидност. Штедилниците се ограничени во нивните банкарски активности и услуги (заштеди и заеми) за физички лица, некои од нив нудат и микро-кредитен тип на финансирање.

Според Законот за банките, странска банка може да влезе во македонскиот банкарски пазар преку претставништво (со одобрение на гувернерот) и подружница или филијала (со дозвола од гувернерот).

Трите најголеми банки се: Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД и НЛБ Тутунска банка АД Скопје и заедно поседуваат повеќе од 60% од нето-средствата во банкарскиот систем.

Банкарскиот систем сè уште е мал и има релативно ниско ниво на финансиско посредување. Каматните стапки на благајничките записи на НБРМ изнесуваа 3,25% во 2013 година. Просечните стапки на комерцијални кредити во денари изнесуваа 8,2% во 2013 година.

## 2.6.3 РАЗВОЈНИ ФОНДОВИ И ПРОГРАМИ

Постојат многубројни развојни фондови и програми што го поддржуваат развојот на бизнисот на национално ниво, а пред сè на малите и средните претпријатија. Најголем дел од нив се нудат од развојни финансиски институции, донаторите и голем број проекти. Владата ги поддржува стратешките потсектори со субвенции и извозни стимулации. Најдобар начин да се информирате е директно да се обратите до Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Македонската банка за поддршка на развојот, стопанските комори и меѓународните донаторски организации.

## 2.6.4 ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Поддршка за мали и средни претпријатија во Република Македонија се добива преку различни владини активности, општински активности, проектни и донатори. Постојат многубројни програми за поддршка во форма на обуки, инвестиции, опрема, маркетинг и промотивни активности што можат да се добијат како грант или долгорочен кредит. Секретаријатот за европски прашања (СЕП), како дел од владата, е надлежен за водење евиденција на сите видови на расположлива помош. Повеќе информации можете да добиете на интернет-страницата на Централната база на податоци за странска помош на владата на Република Македонија.

## 2.6.5 КРАТКОРОЧНО КРЕДИТИРАЊЕ НА СТОПАНСТВОТО

Краткорочни кредити се нудат од сите комерцијални банки во Република Македонија во форма на заеми или должничко салдо (според годишниот обрт). Каматната стапка на краткорочните кредити е во висина на есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија.

## 2.6.6 ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ЗАНАЕТИ

И занаетчиите во Република Македонија добиваат поддршка преку кредитните линии на комерцијалните банки или преку донатори. Информации за расположливите средства за оваа намена можат да се најдат во Централната база на податоци за странска помош на Влада на Република Македонија и во Занаетчиската комора на Република Македонија, како и во нејзината регионална организација во Струмица.



# 3

## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

# 3 *ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН*

## 3.1 ПРЕДНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

- Поволна географска локација – близина на границата со две земји-членки на ЕУ (Република Бугарија и Република Грција)
- Општински индустриски зони
- Обучена работна сила
- Квалитетни услови за живеење
- Геотермални води
- Сектори со потенцијал:
    - Земјоделство и сточарство
    - Прехранбена индустрија
    - Туризам
    - Дрво – преработувачка индустрија и изработка на мебел
    - Градежништво

## 3.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

### 3.2.1 ВОВЕД

Југоисточниот регион се протега на крајниот југоисточен дел на Република Македонија и го опфаќа подрачјето на струмичко-радовишката и гевгелиско-валандовската котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар. Регионот во целост ги опфаќа споменатите котлини и масивите на планините Беласица на југ, Огражден на исток, Плачковица на север, Срта во централниот дел и источната страна на Кожуф Планина. Долините на реките Вардар и Струмица овозможуваат комуникациско поврзување на регионот со соседните земји, Република Грција на југ и Република Бугарија на исток, а на север и запад со источниот и вардарскиот регион.

Вкупно десет општини го сочинуваат југоисточниот плански регион: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица. Според податоците за 2014 година, во регионот живеат 8,4% од вкупното население во Република Македонија. Регионот има вкупна површина од 2.835 $км^2$, односно 10,9% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 63,2 жители на $км^2$.

*Слика 3.2-1 Југоисточен регион на Република Македонија*




Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.

*Табела 3-1 Основни податоци за општините во југоисточниот регион*

| Општина | Население (Попис 2002) | Површина (ха) | Населени места |
|---|---|---|---|
| **Општина Богданци** | 8.707 | 11.438 | 4 |
| **Општина Босилово** | 14.260 | 15.000 | 16 |
| **Општина Валандово** | 11.890 | 33.140 | 29 |
| **Општина Василево** | 12.122 | 22.100 | 18 |
| **Општина Гевгелија** | 22.988 | 48.343 | 17 |
| **Општина Дојран** | 3.426 | 13.200 | 13 |
| **Општина Конче** | 3.536 | 22.370 | 14 |
| **Општина Ново Село** | 11.567 | 25.000 | 16 |
| **Општина Радовиш** | 28.244 | 68.000 | 36 |
| **Општина Струмица** | 54.676 | 32.149 | 25 |
| **ВКУПНО** | 171.416 | 290.740 | 188 |

***Извор: Завод за статистика (2015)***

Богатата хидрографска мрежа, големиот број сончеви денови, климатското поднебје и поволните педолошки услови го карактеризираат регионот како претежно земјоделски. Квалитетното и обемното производство на раноградинарски култури, свеж зеленчук и овошје, како и индустриски земјоделски

култури, овозможуваат развој на конзервно-преработувачката индустрија на земјоделски производи, по што овој регион е препознатлив.

Во последните години е забележлив тренд на пораст на туризмот како стопанска гранка, преку зголемувањето на бројот на сместувачки капацитети, туристи и ноќевања во регионот. Ова најмногу се должи на ревитализацијата и искористувањето на Дојранското Езеро како туристички потенцијал.

### 3.2.2 РЕГИОНОТ ВО БРОЈКИ

*Табела 3-2 Основни податоци за југоисточниот регион*

| Број на општини | 10 |
|---|---|
| **Број на населени места** | 188 |
| **Вкупно население, Попис 2002** | 171.416 |
| **Процена на населението, 2014** | 173.522 |
| **Густина на населеност, 2014** | 63,4 |
| **Вкупен број на живеалишта, Попис 2002** | 59.499 |
| **Просечен број на членови на домаќинството, Попис 2002** | 3,4 |
| **Живородени, 2014** | 1.888 |
| **Умрени, 2014** | 1.764 |
| **Природен прираст, 2014** | 124 |
| **Доселени од други држави, 2014** | 275 |
| **Отселени во други држави, 2014** | 25 |
| **Стапка на писменост на населението на возраст над 10 години, Попис 2002** | 96,0 |
| **Стапка на активност, 2014** | 66,9 |
| **Стапка на вработеност, 2014** | 52,9 |
| **Стапка на невработеност, 2014** | 20,8 |
| **Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2014** | 24.482 |
| **Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2014** | 16.729 |
| **Број на основни училишта, 2014/2015** | 119 |
| **Број на средни училишта, 2014/2015** | 8 |
| **Запишани ученици во основното образование, 2014/2015** | 14.276 |
| **Запишани ученици во средното образование, 2014/2015** | 6.098 |
| **Број на дипломирани студенти, 2014** | 751 |
| **Број на активни деловни субјекти, 2014** | 5.969 |

| Број на општини | 10 |
|---|---|
| **Број на новосоздадени претпријатија, 2013** | 509 |
| **Број на згаснати претпријатија, 2011** | 477 |
| **БДП по жител, 2012** | 252.278 |
| **Број на легла, 2014** | 6.277 |
| **Број на туристи, 2014** | 124.707 |
| **Број на ноќевања, 2014** | 401.065 |
| **Број на изградени станови, 2014** | 349 |
| **Вредност на извршените градежни работи, 2014, во илјади денари** | 1.515.367 |
| **Број на издадени одобренија за градење, 2014** | 224 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

# 3.3 ГЕОГРАФСКИ КАРАКЕТРИСТИКИ НА РЕГИОНОТ

## 3.3.1 РЕЉЕФ И КЛИМА

Поголем дел, односно 46% од обработливите површини во југоисточниот регион, припаѓаат на рамничарскиот релјефен дел, што се наоѓаат од 250 до 300 м.н.в. и се од првостепено значење за земјоделството во регионот. Тоа се површините покрај речното корито на реките Вардар, Струмица, Тркања и Крива Река. Другите 52% од површините припаѓаат на падини, а 2% на ридскиот релјефен дел. Надморската височина се движи од 64 до 2.157 м.н.в. (највисок врв е Зелен Брег на Кожуф Планина).

Специфичната географска и топографска положба на југоисточниот регион ја карактеризираат две климатски зони. Субмедитеранска, со поголемо или помало вкрстосување со источноконтинентална, чијашто испреплетеност на регионот му даваат посебен белег – долги топли лета со високо средно-дневни температури и намалено годишно количество врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци. Струмичкиот микро-регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата. Има околу 230 сончеви денови годишно, додека сончевиот сјај трае просечно 2.377 часа годишно. Магла, во просек, има најмногу 20 дена. Микро-регионот Радовиш и Конче се карактеризира со умерено-континентална клима. Поради изразената височинска разлика (400-707 м.н.в.), одделни климатски елементи варираат помеѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима во планините. Гевгелискиот микро-регион се карактеризира со медитеранска и континентална клима, што во текот на целата година условува топли денови. Овој микро-регион е најсончев крај во земјата со преку 240 сончеви денови во годината.

## 3.3.2 ХИДРОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Сливното подрачје на реката Струмица ги опфаќа реките Струмица, Цironска и Лебница до бугарската граница. Зафаќа површина од 1,649 км$^2$ или 6,4% од територијата на земјата. Главни притоки на реката Струмица се Водоча, Турија, Радовишка Река и Подарешка Река. Вкупното годишно количество на вода во ова сливно подрачје е околу 132 милиони м$^3$.

Дојранското Езеро е најмалото природно езеро во Република Македонија, што припаѓа на сливното подрачје на реката Вардар и е заедничко со Република Грција. Езерото е изолиран екосистем со мошне специфична флора и фауна.

Од површинските води, главен водотек е реката Луда Мара, која не се одликува со поголеми и постојани протеци. На реката е изградена акумулацијата „Паљурци“, чијашто намена е наводнување на обработливите површини. Акумулацијата е со корисен волумен од 2,8 x 106 м$^3$. На реката Луда Мара во општината Дојран изградена е уште една акумулација „Чинарли“ со корисен волумен од 0,25 x 106 м$^3$.

## 3.3.3 ФЛОРА И ФАУНА

Богатството и хетерогеноста на видовите на екосистемите се основни обележја на биолошката разновидност во југоисточниот регион. Ваквата состојба е резултат на специфичната географска положба, климатските, педолошките, геоморфолошките и другите карактеристики, како и на промените што се случувале во изминатите геолошки периоди на оваа територија.

## 3.3.4 ШУМИ

Шумските екосистеми во струмичкиот микро-регион се простираат по територијата на планините Беласица и Огражден, каде што претежно доминираат листопадните шуми претежно со: даб, црн и бел габер, костен и бука. Зимзелените шуми се поретки и се наоѓаат претежно на повисоките делови од планините, каде што доминираат: бор, ела и смрча. Мешаните шуми се наоѓаат на помали површини и поретко се сретнуваат.

Во микро-регионот Радовиш и Конче, најдоминантни се дабовата, буковата и јасеновата шума. Во општина Конче, шумските комплекси зафаќаат околу 9.429 ха, додека 2.313 ха се пасишта. Во општината Радовиш, шумските комплекси зафаќаат околу 21.000 ха. Поголеми шумски комплекси се наоѓаат околу Стара Река и Оравичка Река, каде што се застапени дабова, букова и четинарска шума. Освен дрвната маса, од шумата се искористуваат и други (второстепени) шумски производи, како што се: дабовиот лишај, кантарионот, ајдучката трева, печурката вргањ и слично.

## 3.3.5 РАСПОЛОЖЛИВИ ПРИРОДНИ РЕСУРСИ

Микро-регионот Радовиш и Конче се карактеризира со наоѓалиштата на минерални неметални суровини, како што се декоративните камења што се користат за градба, како што се кварцот и глината. Од минералните метални суровини, во општината Радовиш се среќаваат: железо и цинкова руда, бакар, злато, сребро, хром, ураниум, а во општината Конче се среќаваат: варовник, мермер и бакар. Во струмичкиот микро-регион, рудникот за експлоатација на фелдспат „Хамзали“, е од натриски карактер и е единствен во Република Македонија и на Балканот. Рудникот за експлоатација на $CaCO_3$, „Мемешли“, е наоѓалиште што во основа претставува мермеризиран варовник и е едно од ретките во Република Македонија. Испитувања се вршат на планината Огражден во непосредна близина на населеното место Иловица, каде што постојат индикации за потенцијални наоѓалишта на руда (бакар и злато).

## 3.3.6 КОНЦЕСИИ

Со Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ, бр. 6/12) се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување концесии. Концесијата може да биде во поглед на изградба, вршење на јавни услуги и употреба на добра од општ интерес за Република Македонија.

Законот за концесии ги регулира општите услови за доделување концесии. Постојат посебни правила, утврдени во Законот за минерални суровини (Службен весник на РМ, бр. 132/13), со кои се регулираат условите за доделување концесии за експлоатација на минерални суровини и во Законот за води (Службен весник на РМ, бр. 87/08), со кои се регулираат условите за доделување концесии за вода во езера и водотеци.

Министерството за економија има развиено систем за „е-Концесии“ со кој се овозможува постапките за доделување концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини да се водат електронски во сите нејзини фази по донесување Одлука од страна на Владата на Република Македонија за објавување на јавен повик: Електронско подигнување на тендерска документација, електронска подготовка и доставување на потребна документација, како и учество во

електронското наддавање на сите вклучени субјекти. Субјектите што учествуваат во постапката добиваат известувања преку автоматски и независен систем на достава на електронска пошта.

# 3.4 ПАТНА МРЕЖА

Јавните патишта, според нивното државно, економско, стопанско и сообраќајно значење и нивната изграденост, се поделени на државни и општински. Според државното, економското, стопанското и сообраќајното значење, како и нивото на изграденост, дел од државните патишта се категоризираат како автопатишта, експресни патишта и магистрални патишта (А-патишта) и служат за поврзување на Република Македонија со европскиот патен систем и одржување континуитет на меѓународната патна мрежа (меѓународните коридори – Е-патишта) и поврзување на патната мрежа со меѓународни патни гранични премини и сообраќајно поврзување со патиштата на соседните држави. Вкупните државни патишта се поделени на: А – Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта), Р1 – Регионални патишта од прва категорија и Р2 – Регионални патишта од втора категорија.

*Слика 3.4-1 Патна мрежа на Република Македонија по региони*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

Во прегледот подолу се наведени сите патишта што се наоѓаат во југоисточниот регион.

*Табела 3-3 Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта)*

| Ред. бр. No. | Ознака Name | Релација Route |
|---|---|---|
| 1 | А1 | Граница со Р. Србија (ГП „Табановце“)-Куманово-Велес-Неготино, Демир Капија-Гевгелија-граница со Р. Грција (ГП „Богородица“) и делница Градско-Прилеп (врска со А2) |
| 2 | А4 | Граница со Р. Косово (ГП „Блаце“)-раскрсница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-граница со Р. Бугарија (ГП „Ново Село“) |

*Табела 3-4 Р1 – Регионални патишта*

| Ред. бр. No. | Ознака Name | Релација Route |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **1** | P1103 | Граница со Р. Србија (ГП „Табановце“)-Куманово-Велес-Неготино, Демир Капија-Гевгелија-граница со Р. Грција (ГП „Богородица“) и делница Градско-Прилеп (врска со А2) |
| **2** | P1102 | Граница со Р. Косово (ГП „Блаце“)-раскрсница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-граница со Р. Бугарија (ГП „Ново Село“) |
| **3** | P1105 | Давидово (врска со Р1102)-Удово (врска со А1)-Валандово-Раброво-Дојран-граница со Р. Грција (Сретеново) и делница Стар Дојран-граница со Р. Грција (Николиќ) |
| **4** | P1108 | Гевгелија (врска со Р1102)-Моин-Конско-Смрдлива Вода-СЦ „Кожув“ |
| **5** | P1109 | Гевгелија (врска со А1)-Богданци-Фурка (врска со Р1105) |
| **6** | P1302 | Делчево (врска со А3)-Пехчево-Берово-Дабиле (врска со А4) |
| **7** | P1310 | Радовиш (врска со А4)-Подареш-Владимирово (врска со Р1302)-Берово-граница со Р. Бугарија (ГП „Клепало“) |
| **8** | P1401 | Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци (врска со А1) |
| **9** | P1402 | Куклиш (врска со Р1401)-Банско-Ново Коњарево (врска со А4) |
| **10** | P1403 | Врска со А4-Радовиш-Владевци-Василево-Струмица (врска со А4) |

*Табела 3-5 Р2 – Регионални патишта*

| Ред. бр.<br>No. | Ознака<br>Name | Релација<br>Route |
|---|---|---|
| **1** | P2431 | Радовиш (врска со Р1310)-Плачковица-Аргулица (врска со Р2334) |
| **2** | P2432 | Струмица (врска со А4)-Вељуса-Василево (врска со Р1403) |
| **3** | P2433 | Радовиш (врска со А4)-Конче-Загорци-Лесковица (врска со Р1103)-Селце-Софилари (врска со А4) |
| **4** | P2434 | Врска со Р1401-Рич-врска со Р2433 |

*Табела 3-6 Р29 – Регионални патишта*

| Ред. бр.<br>No. | Ознака<br>Name | Релација<br>Route |
|---|---|---|
| **1** | P29177 | Врска со А1 – Миравци |
| **2** | P29471 | Подареш (врска со Р1310)-Јаргулица-Покрајчево-Злеово-Радичево (врска со А4) |

*Табела 3-7 Локална патна мрежа 2010-2014 (км)*

| | Република Македонија<br>Republic of Macedonia | Југоисточен регион<br>South-Eastern Region |
|---|---|---|
| **2010** | 9.252 | 969 |
| **2011** | 9.300 | 977 |
| **2012** | 9.355 | 957 |
| **2013** | 9471 | 888 |
| **2014** | 9513 | 893 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

# 3.5 НАСЕЛЕНИЕ

## 3.5.1 ВОЗРАСНА И ПОЛОВА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Југоисточниот регион со густина на населеност од 63,2 жители на км$^2$ е петти од планските региони, по скопскиот, полошкиот, североисточниот и југозападниот регион. Просечната возраст на населението во југоисточниот регион е идентична со националниот просек од 38 години.

*Слика 3.5-1 Возрасна структура на Република Македонија по региони*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

*Слика 3.5-2 Популациска пирамида на југоисточен регион*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

## 3.5.2 ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО

*Табела 3-8 Основни податоци според степенот на образование*

| Показател | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 | 2013/14 | 2014/15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основно образование** | | | | | | | |
| **Број на основни училишта** | 119 | 119 | 119 | 119 | 118 | 118 | 119 |
| **Наставници во основно образование (%)** | 8,4 | 7,2 | 9,2 | 9,2 | 9,2 | 9 | 9 |
| **Запишани ученици во основно образование (%)** | 7,9 | 7,9 | 7,9 | 7,8 | 7,8 | 7,4 | 7,4 |
| **Број на ученици по училиште** | 139 | 136 | 132 | 129 | 126 | 120 | 120 |
| **Ученици во основно образование по наставник** | 12 | 11 | 10 | 10 | 10 | 9 | 9 |
| **Средно образование** | | | | | | | |
| **Број на средни училишта** | 7 | 7 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| **Наставници во средно образование (%)** | 6,3 | 6,3 | 6,4 | 6,3 | 6,4 | 6,4 | 6,4 |
| **Запишани ученици во средно образование (%)** | 7,4 | 7,5 | 7,4 | 7,4 | 7,4 | 7,3 | 7,3 |
| **Завршени ученици во средно образование (%)** | 6,9 | 6,8 | 7,5 | 7,2 | 6,9 | 7,5 | 7,6 |
| **Ученици во средно образование по наставник** | 16 | 16 | 15 | 14 | 14 | 13 | 14 |
| **Високо образование** | | | | | | | |
| **Показател** | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 | 2013/14 | 2014/15 |
| **Број на запишани студенти** | 4.344 | 4.380 | 4.814 | / | / | / | / |
| **Број на дипломирани студенти** | 596 | 638 | 653 | 795 | 661 | 661 | 751 |
| **Број на дипломирани студенти на 1.000 жители** | 3,5 | 3,7 | 3,8 | 4,6 | 3,8 | 3,8 | 4,3 |

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и *„Регионите во Република Македонија 2012, 2014 и 2015“*

Вкупен број запишани ученици во основното и средното образование во Република Македонија и во југоисточниот плански регион за учебната 2008/09-2014/15

*Табела 3-9 Основни податоци според степенот на образование*

| Индикатор | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 2012/13 | 2013/14 | 2014/15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на запишани ученици во основно образование во РМ** | 216.180 | 210.381 | 204.439 | 198.856 | 195.311 | 191.051 | 192.165 |
| **Број на запишани ученици во основно образование во југоисточен регион** | 16.798 | 16.539 | 16.148 | 15.693 | 15.318 | 14.899 | 14.276 |
| **% на запишани ученици во однос на национално ниво** | 7,77 | 7,86 | 7,90 | 7,89 | 7,84 | 7,80% | 7,43% |
| **Број на запишани ученици во средно образование во РМ** | 93.843 | 95.343 | 94.155 | 93.064 | 89.884 | 86.418 | 83.522 |
| **Број на запишани ученици во средно образование во југоисточен регион** | 7.155 | 7.084 | 7.026 | 6.889 | 6.613 | 6.415 | 6.098 |
| **% на запишани ученици во однос на национално ниво** | 7.155 | 7,43 | 7,46 | 7,40 | 7,36 | 7,42% | 7,30% |

*Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012, 2014 и 2015.*

Во учебната 2014/2015 година бројот на основни училишта во југоисточниот регион изнесува 119, додека бројот на средни училишта изнесува 8. Според бројот на дипломирани студенти на 1.000 жители, што изнесува 4,3, југоисточниот регион е петти од осумте плански региони.

## 3.5.3 ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

*Табела 3-10 Стапки на активност на населението на возраст од 15 години и повеќе*

| | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
| **Работоспособно население** | 1.656.215 | 140.279 | 1.669.965 | 140.857 | 1.672.460 | 140.938 | 1.673.494 | 140.921 |
| **Стапка на активност** | 56,8 | 71 | 56,5 | 70,7 | 57,2 | 69,9 | 57,3 | 66,9 |
| **Стапка на вработеност** | 38,9 | 64,4 | 39 | 60,9 | 40,6 | 56,8 | 41,2 | 52,9 |
| **Стапка на невработеност** | 31,4 | 9,3 | 31 | 13,8 | 29 | 18,8 | 28 | 20,8 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

*Слика 3.5-3 Стапка на активност на население на Република Македонија по региони*




Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.

Во 2014 година, југоисточниот регион има втора највисока стапка на вработеност од 52,9% во споредба со другите региони. Во однос на стапката на невработеност, со стапка на невработеност од 20,8%, југоисточниот регион е далеку под просекот на Република Македонија од 28%.

*Табела 3-11 Стапка на невработеност (%)*

| | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2014 | |
| **Вкупно** | 32 | 11,5 | 31,4 | 9,3 | 31 | 13,8 | 28 | 20,8 |
| **Мажи** | 31,9 | 12,4 | 31,8 | 8,8 | 31,5 | 12,6 | 27,6 | 21 |
| **Жени** | 32,2 | 10,4 | 30,8 | 9,9 | 30,3 | 15,2 | 28,6 | 20,6 |
| **Урбан дел** | 31,6 | 22,4 | 32,1 | 19,1 | 30,8 | 23,7 | 29,2 | 31,2 |
| **Мажи** | 31,7 | 24 | 32,6 | 17,9 | 31,5 | 20,4 | 29 | 32,6 |
| **Жени** | 31,5 | 20,3 | 31,4 | 20,6 | 29,7 | 27,6 | 29,4 | 29,5 |
| **Рурален дел** | 32,6 | 3,7 | 30,3 | 3,4 | 31,4 | 7,5 | 26,5 | 12,4 |
| **Мажи** | 32,1 | 4,1 | 30,7 | 3,3 | 31,4 | 7,8 | 26,1 | 12,2 |
| **Жени** | 33,6 | 3,3 | 29,6 | 3,6 | 31,4 | 7 | 27,3 | 12,7 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

Во 2014 година, стапката на невработеност кај мажите изнесувала 21%, додека кај жените 20,6%. Југоисточниот регион има најмала стапка на невработеност во руралните делови од сите региони во износ од 12,2%. Стапката на невработеност на жените во руралните области изнесува 12,7%.

*Слика 3.5-4 Активни баратели на работа по возраст и пол*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 3.5-5 Пасивни баратели на работа по возраст и пол*




*Извор: АВРМ, 2015.*

Вкупен број на евидентирани невработени лица изнесува 17.789 (активни и пасивни баратели на работа). Може да се забележи дека бројот на невработени е поголем кај мажите (10.025), отколку кај жените (7.764).

*Табела 3-12 Број на невработени лица (активни баратели на работа) во југоисточниот плански регион според степенот на образование*

| Вкупно евидентирани невработени лица | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| **Без образование и со основно образование** | 1.002 | 499 | 503 |
| **Непотполно средно образование** | 2.333 | 1.172 | 1.161 |
| **Завршено средно образование** | 2.594 | 1.031 | 1.563 |
| **Више образование** | 232 | 105 | 127 |
| **Високо образование** | 1.083 | 656 | 427 |
| **Магистри на науки** | 50 | 27 | 23 |
| **Доктори на науки** | 2 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **5.929** | **2.702** | **3.227** |

*Извор: АВРМ, 2015.*

Во југоисточниот регион најголем е бројот на невработени лица со завршено средно образование (1.985), а потоа следуваат лицата без образование и со основно образование (1.643). Висок е и бројот на невработени лица со високо образование (1.083). Кај мажите највисок е бројот на невработени лица без образование и со основно образование (1.020), додека кај жените со завршено средно образование (1.037). Бројот на невработени жени со високо образование (656) е поголем од бројот на невработени мажи со високо образование (427).

*Табела 3-13 Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2014 (во денари)*

| Сектори | 2012 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|
| | РМ | ЈИ регион | РМ | ЈИ регион |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 15.641 | 13.188 | 15.843 | 13.871 |
| **Рударство и вадење камен** | 22.180 | | 24.240 | : |
| **Преработувачка индустрија** | 15.300 | 12.440 | 16.177 | 13.021 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 35.818 | | 36.740 | : |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината** | 18.677 | 15.034 | 18.959 | 15.363 |
| **Градежништво** | 16.375 | 11.476 | 18.589 | 13.494 |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 18.982 | 17.318 | 19.794 | 15.576 |
| **Транспорт и складирање** | 21.191 | 14.069 | 22.923 | 14.613 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 15.063 | 15.873 | 15.015 | 15.093 |
| **Информации и комуникации** | 35.481 | 23.481 | 34.692 | 29.670 |
| **Финансиски дејност и дејности на осигурување** | 37.397 | 30.436 | 38.791 | 31.406 |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | 24.998 | НП | 26.489 | НП |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 28.096 | НП | 29.332 | НП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Административни и помошни услужни дејности** | 14.066 | 12.373 | 14.503 | 12.626 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 24.966 | 23.251 | 25.325 | 23.259 |
| **Образование** | 21.235 | 19.652 | 21.501 | 19.746 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 22.399 | 19.525 | 23.736 | 20.210 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 17.731 | 21.045 | 18.230 | 19.664 |
| **Други услужни дејности** | 23.155 | 18.620 | 23.876 | 17.176 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

Просечната исплатена нето-плата по вработен во југоисточниот регион во 2014 година изнесувала 16.600 денари, односно 79,4% од националниот просек. Највисока просечна нето-плата по вработен во југоисточниот регион има секторот информации и комуникации во висина од 31.406 денари.

# 3.6 ЕКОНОМИЈА

## 3.6.1 БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД

Во 2013 година, југоисточниот регион учествува со 9,2% во БДП на Република Македонија. Во споредба со просечниот БДП по жител на Република Македонија (индекс = 100), југоисточниот регион има индекс 109,6 и е на трето место по скопскиот регион, кој има индекс од 143,5 и вардарскиот регион со 110,6. Бруто домашниот производ по жител е 266.524 денари и е над просекот за Република Македонија

*Табела 3-14 Бруто домашен производ (во МКД)*

| | Бруто домашен производ (во милиони денари) | Бруто домашен производ по жител (во денари) | Структура на бруто домашниот производ | Бруто домашен производ по жител МК = 100 |
|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | 501.891 | 243.161 | 100,0 | 100,0 |
| **Вардарски** | 41.260 | 268.819 | 8,2 | 110,6 |
| **Источен** | 40.449 | 226.898 | 8,1 | 93,3 |
| **Југозападен** | 39.378 | 178.726 | 7,8 | 73,5 |
| **Југоисточен** | 46.211 | 266.524 | 9,2 | 109,6 |
| **Пелагониски** | 56.530 | 243.279 | 11,3 | 100,0 |
| **Полошки** | 37.735 | 118.672 | 7,5 | 48,8 |
| **Североисточен** | 26.613 | 151.462 | 5,3 | 62,3 |
| **Скопски** | 213.715 | 348.915 | 42,6 | 143,5 |

*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

*Табела 3-15 Бруто-инвестиции во основни средства, по региони, 2013*

| | Милиони денари | Структура (%) |
|---|---|---|
| **Република Македонија** | **119.003** | **100,0** |
| **Вардарски** | 8.179 | 6,9 |
| **Источен** | 10.462 | 8,8 |
| **Југозападен** | 5.597 | 4,7 |
| **Југоисточен** | 6.390 | 5,4 |
| **Пелагониски** | 10.745 | 9,0 |

| | | |
|---|---|---|
| **Полошки** | 7.558 | 6,4 |
| **Североисточен** | 2.482 | 2,1 |
| **Скопски** | 67.589 | 56,8 |

*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

Гледано по региони, според вкупните инвестиции во основни средства, југоисточниот регион се наоѓа на петтото место со учество од 5,4% (2013).

## 3.6.2 АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

*Слика 3.6-1 Активни деловни субјекти по број (2010-2014)*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти во 2014 година во југоисточниот регион изнесува 5.969 и претставува 8,4% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Македонија, што изнесува 70.659. Речиси 85% од вкупниот број на активни деловни субјекти во југоисточниот регион отпаѓа на деловните субјекти со 1-9 вработени.

*Слика 3.6-2 Активни деловни субјекти 2014*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

Структурата на деловните субјекти по општини, како и доминантните индустрии дадени се за секоја од општините посебно.

Во југоисточниот регион, од вкупно 5.969 активни деловни субјекти, секторот трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли има најголем број на активни деловни субјекти (2.394); на второ место е секторот преработувачка индустрија со 694 деловни субјекти, додека на трето место е секторот транспорт и складирање со 596 активни деловни субјекти.

*Слика 3.6-3 Активни деловни субјекти по број и сектор за ЈИР (2014)*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

## 3.6.3 ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Деловните субјекти во југоисточниот регион оствариле извоз во вредност од 414,5 милиони американски долари, односно 7,7% од вкупниот извоз на Република Македонија од 4.934 милиони САД долари во 2014 година.

*Слика 3.6-4 Надворешна трговија 2014*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

Истовремено, увозот бил во вредност од 320 милиони долари, односно 4,4% од вкупниот увоз во Република Македонија во износ од 7.272 милиони долари. Според ова, деловните субјекти од југоисточниот регион оствариле суфицит во надворешнотрговската размена во 2014 година во износ од 94,3 милиони долари.

# 3.7 КОРИСТЕЊЕ КОМПЈУТЕР И ИНТЕРНЕТ

Во однос на бројот на домаќинства во регионот, учеството на домаќинствата кои користеле компјутер и интернет во 2014 година е најголемо од сите региони во југоисточниот регион (73 и 71%). Најголемо учество на лицата на возраст од 15 до 74 години кои користеле компјутер и интернет во 2014 година повторно има во југоисточниот регион (78%).

*Табела 3-16 Број на домаќинства кои користеле компјутер и интернет*

| | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонија | Југоисточен | Македонија | Југоисточен | Македонија | Југоисточен |
| **Компјутер** | 64 | 73 | 67 | 72 | 67 | 73 |
| **Интернет** | 58 | 71 | 65 | 70 | 68 | 71 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

*Табела 3-17 Лица на возраст 15-74 години кои користеле компјутер и интернет*

| | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонија | Југоисточен | Македонија | Југоисточен | Македонија | Југоисточен |
| **Компјутер** | 60 | 80 | 66 | 76 | 68 | 78 |
| **Интернет** | 57 | 80 | 65 | 75 | 68 | 78 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

*Слика 3.7-1 Интернет и компјутер*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

# 3.8 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО

Статистичките податоци по региони покажуваат дека во 2014 година земјоделската површина во југоисточниот регион изнесувала 9,5% од вкупната земјоделска површина во Република Македонија.

Според површините под лозја југоисточниот регион со 4.408 (ха), односно 20,7%, се наоѓа на второ место по вардарскиот регион. Евидентно е дека вкупната земјоделска површина во југоисточниот регион се зголемила од 91.064 (ха) во 2010 на 124.674 (ха) во 2014 година. Притоа, вкупната обработлива површина се зголемила од 56.907 (ха) во 2010 година на 59.264 (ха) во 2014 година. За истиот период површините класифицирани како ораници и бавчи и површините за овоштарници се зголемиле.

*Табела 3-18 Површина по категории на користење (хектари)*

| | Македонија | Југоисточен |
|---|---|---|
| **Земјоделска површина** | 1.263.155 | 124.674 |
| **Обработлива површина – вкупно** | 511.579 | 59.264 |
| **Ораници и бавчи** | 413.249 | 49.875 |
| **Овоштарници** | 15.309 | 1.697 |
| **Лозја** | 23.061 | 5.618 |
| **Ливади** | 59.960 | 2.074 |
| **Пасишта** | 751.086 | 65.290 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

*Слика 3.8-1 Структура на земјоделско земјиште*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

*Слика 3.8-2 Структура на сточарство*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

# 3.9 КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Во југоисточниот регион се одржуваат голем број на културни настани, летни и зимски фестивали, концерти, ликовни изложби, театарски претстави, поетски читања итн. Некои од поважните настани се: Фолк фест Валандово; Струмички карневал; „Смоквијада“ Гевгелија; Ден на празот, с. Градашорци, Василево; Фестивал на смоларскиот костен Ново Село; Првомајски трки во с. Стојаково, Богданци; Фестивал на изворен фолклор „Гајда“, с. Ињево, Радовиш; Манифестација „Топол културен бран“ Конче; Манифестација „Дојрански ракувања“; Празник на Општина Босилово итн. Во сите општини се празнуваат верските празници: Коледе, Бадник, Водици, Свети Трифун итн.

Во југоисточниот регион се организираат многубројни спортски настани, а регионот нуди извонредни можности за спорт и рекреација.

# 3.10 ТУРИЗАМ

Според бројот на легла, југоисточниот регион со 6.088 легла се наоѓа на трето место по југозападниот и пелагонискиот регион. Во 2014 година во југоисточниот регион се регистрирани 74.071 домашни туристи (23,8%), односно 50.636 странски туристи (11,9%). Југоисточниот регион со вкупно 401.065 ноќевања учествува со 18,2% во вкупниот број ноќевања во Република Македонија и се наоѓа на трето место по југозападниот и скопскиот регион.

*Табела 3-19 Туризам*

| | **РМ** | **ЈИП регион** | **РМ** | **ЈИП регион** | **РМ** | **ЈИП регион** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
| **Број на соби** | 26.877 | 2.298 | 26.887 | 2.346 | 27.422 | 2.374 |
| **Број на легла** | 70.287 | 6.088 | 70.297 | 6.298 | 71.225 | 6.277 |

| | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион | РМ | ЈИП регион |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно туристи** | 663.633 | 106.978 | 701.794 | 109.982 | 735.65 | 124.707 |
| **Домашни туристи** | 312.274 | 58.761 | 302.114 | 59.977 | 310.336 | 74.071 |
| **Странски туристи** | 351.359 | 48.217 | 399.68 | 50.005 | 425.314 | 50.636 |
| **Вкупно ноќевања** | 2.151.692 | 305.163 | 2.157.175 | 327.279 | 2.195.883 | 401.065 |
| **Домашни** | 1.339.946 | 219.05 | 1.275.800 | 231.87 | 1.273.370 | 304.148 |
| **Странски** | 811.746 | 86.113 | 881.375 | 95.409 | 922.513 | 96.917 |

*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

## 3.10.1 ЕЗЕРСКИ ТУРИЗАМ

Југоисточниот регион е богат со водни ресурси. Има природни и вештачки езера, водопади, како и природни извори што овозможуваат одлични услови за развој на спортско-рекреативниот и риболовниот туризам.

Дојранското Езеро е едно од најубавите природни ресурси во Република Македонија. Екосистемот на Дојранското Езеро е дом на повеќе од 80 видови птици и повеќето од нив имаат статус на загрозени видови. Вештачкото езеро „Мантово“, што се наоѓа во општината Конче, го прави регионот атрактивен за риболовен туризам. Вештачките езера „Турија“ и „Водоча“ во општината Струмица, и езерото „Паљурци“ во општината Богданци го привлекуваат вниманието на голем број посетители и ентузијасти за риболовен и рекреативен туризам.

## 3.10.2 БАЊСКИ И РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

Југоисточниот регион е богат со термоминерален хидропотенцијал, особено во однос на геотермалната енергија, што овозможува одлични можности за релаксација и здравствено закрепнување. Во струмичкиот микро-регион, на околу 12 км југоисточно од градот Струмица, поврзано со асфалтен пат, под планината Беласица се наоѓа селото Банско, а во негова непосредна близина и термоминералните извори на бања Банско и остатоци од римска терма. Римската терма претставува термоминерално лекувалиште од античко време и еден од ретките зачувани римски споменици од ваков вид во Европа. На површина од 1.000 $м^2$ се откриени десет простории, чиишто ѕидови се зачувани во височина од 2 до 6,7 метри. Термата имала простории за соблекување, сауна, базени со топла и студена вода. Ги користела термоминералните води од изворот Парило, 50 м јужно од бањата. Веројатно потекнува од третиот век, од времето на римскиот император Каракала, кој бил познат по подигањето и обновувањето терми низ империјата.

Бања Банско се наоѓа на 250 м.н.в., има изменета континентална клима и претставува најзначаен локалитет во регионот во однос на бањскиот туризам. Од вкупно петте термоминерални извори, само еден, и тоа најголемиот, е стручно каптиран. Тој се слива во главната бања наречена „турско купатило“, а другите четири слободно се излеваат без посебна каптажа. Температурата на водата во главниот извор, што го снабдува „турското купатило“, е на околу 71°C и не се менува во текот на годината, што докажува дека водата потекнува од голема длабочина, без атмосферски влијанија. Бањските води се сметаат за лековити за најразлични заболувања, пред сѐ ревматични.

Во гевгелискиот микро-регион, на 5 км северозападно од Гевгелија, на надморска височина од само 59 метри се наоѓаат Негорски Бањи. Таа е најниската бања во нашата земја. Бањата има два извора – Врела Бања со температура од 40°C и Студена Бања со температура на водата од 38°C. Водата во својот состав содржи калциум, магнезиум, рубидиум, цезиум, радон и други минерали. Податоци за благотворното дејство на минералните води од Негорските Бањи постојат уште од далечната 1864 година. За разлика од повеќето бањи во Македонија што потекнуваат од римскиот период, се смета дека оваа бања прв почнал да ја експлоатира Шукри-Паша, кој овде прв изградил два базена за капење. Научните докази за лековитоста на водата датираат од 1950 година, кога е формирано бањското лекувалиште.

Во состав на Негорски Бањи во модерно опремени простории работи центар за сите видови терапија од областа на физикалната медицина и рехабилитација. Сместувачките капацитети во бањскиот комплекс располагаат со вкупно 336 легла, во кои се наоѓаат и два покриени и неколку базени под отворено небо.

Сместени во подножјето на планината Кожуф, во својата околина Негорските Бањи располагаат и со 36 ха густа јасенова шума што формира природен парк.

Со чистата животна средина и водните богатства, регионот го привлекува вниманието на посетителите, а ова особено се однесува на прекрасните Смоларски и Колешински водопади во општината Ново Село. Смоларскиот водопад се наоѓа во долниот тек на Смоларска Река, десна притока на реката Струма, на надморска висина од 600 м, во реонот на селото Смолари. Вкупната височина на вертикалниот отсек на Смоларскиот водопад изнесува 39,5 метри. На дното од водопадот е формиран џиновски лонец, чијашто должина во правец на течењето на речната вода изнесува 5 м, широчината му е 11 м, а длабочината се движи од 0,5 до 0,7 м. Колешинскиот водопад е лоциран во долниот тек на реката Баба на надморска височина од 500 м. Со височина од 15 м, се вбројува во највисоките водопади во Македонија, со широчина на падот од околу 6 м. Тој е тектонски водопад, создаден во гранитни камења. Спроти Колешинскиот водопад, на оддалеченост од околу 100 м, се наоѓаат уште неколку помали водопади распоредени во низа, високи од два до четири метри, што припаѓаат на неговиот централен слив.

## 3.10.3 ПЛАНИНСКИ И ЛОВЕН ТУРИЗАМ

Југоисточниот регион има изобилство од оригинални природни убавини што претставуваат основен потенцијал за развој на туризмот. Планинските региони на планините Плачковица, Огражден и Кожуф нудат извонредни можности за развој на зимскиот, ловниот, спортскиот и рекреативен туризам. На планината Плачковица можат да се најдат многу ендемски видови растенија, како и медицински и зачински растенија. Големите површини покриени со шуми, разновидноста од флора и фауна, различните видови дивеч и птици привлекуваат голем број љубители на ловот и сафари-туризмот. Во струмичкото ловостопанско подрачје, поточно реонот Радовиш, се наоѓаат ловиштата: „Смиљанци“, „Прналија“ и „Подареш“.

На територијата на општината Богданци има ловишта богати со дивеч како дива свиња и зајаци, а исто така и птици: еребица, фазан, гулаби и препелици, кои привлекуваат многу љубители на ловот од цела Европа. Секоја година во општината Богданци се одржува Меѓународен гран-при турнир во стрелање на глинени гулаби.

Планината Кожуф се наоѓа на границата меѓу Македонија и Грција, а врвот Зеленбрег е висок близу 2.200 метри. Чистиот воздух, сонцето и природните убавини се она што најмногу ги плени посетителите на Кожуф. На планината Кожуф се наоѓа и најновиот ски-центар во Македонија, и тоа на само 210 км од Скопје и 130 км од Солун, опфаќајќи површина од 2.000 ха. Центарот е најсовремено опремен и располага со одлични услови за скијање. Моментално располага со два ски-лифта со капацитет од 3.000 скијачи/час, еден шестосед, ресторан, бачило, 16 апартмани и 16 км скијачки патеки. Овој центар е единствен во земјата што располага со опрема за вештачки снег. Добро подготвените и пространи скијачки терени, местоположбата и природните ресурси со кои располага планината Кожуф претставуваат потенцијал за развој на овој ски-центар како нова атрактивна зимска туристичка дестинација во Македонија.

Освен во зимскиот период, Кожуф е примамлив и во другите периоди од годината. Планината Кожуф нуди одлични услови за историски туризам, планински велосипедизам, јавање коњи, параглајдерство, пешачење и лов, а браната на реката Точница е предвидена за риболов и кајак.

## 3.10.4 КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ

Геолошките и географските, климатските и природните карактеристики на југоисточниот регион во Република Македонија овозможиле постоење на различни цивилизации и култури низ вековите, почнувајќи од праисторискиот период, преку античкиот период на Македонија, Римското Царство, Византија, сè до средновековната христијанска култура.

Во југоисточниот регион постојат многубројни познати историски локалитети и објекти што треба да се посетат. Во општината Валандово тоа се: археолошкиот локалитет Исар во селото Марвинци, потоа „Идомена“ – подземен споменик на културата, што потекнува од пред римскиот период, некаде од крајот на 4 век или почетокот на 5 век п.н.е., и Стакина чешма од римскиот период (3 и 4 век од н.е.). Во општината Василево се наоѓа праисториска населба од доцниот неолит во археолошкиот локалитет Страната, во близина на селото Ангелци, како и црквата „Света Петка“ во селото Требичино, што потекнува од 1875 година и претставува културен споменик со посебни историски и уметнички вредности. Археолошкиот локалитет Вардарски рид во општината Гевгелија е повеќеслоен и датира почнувајќи од бронзеното време, па сè до воспоставувањето на римската доминација во регионот. Многубројните пронајдоци, материјални добра, градби и предмети зборуваат за развојот на населбата во Вардарската Долина, што веројатно била именувана како Гортинија. Археолошките пронајдоци од локалитетот Вардарски Рид денес се чуваат во музеите во Гевгелија и во Скопје. Манастирот „Свети Стефан“ во општината Конче потекнува од 1366 година. Иконите и иконостасот во манастирот се направени од познатиот зограф Димитар Андонов Папрадишки. Во општината Ново Село може да се посети археолошкиот локалитет „Црвено Поле“ во близина на селото Барбарево, кој содржи населба од римскиот и доцниот класичен период со архитектонски и сакрални остатоци што даваат слика за животот што се одвивал во периодот од првиот до шестиот век од н.е. Во селото Мокрино се наоѓа „Ќерамидарка“, некропола од 11 век со околу 20 гробови со уникатен накит. Во Радовиш може да се посети црквата „Света Троица“, која е осветена во 2003 година. Црквата собира 600 верници и претставува еден од најубавите, најсовремените и најбогатите православни храмови на Балканот и пошироко. На 7 км од Струмица се наоѓа селото Вељуса, каде што монахот Мануил подигнал манастир во 1078 година и го посветил на Богородица. Манастирската црква „Света Богородица Милостива (Елеуса)“ до денешно време ја зачувала оригиналната архитектоника. Живописувањето на црквата е изведено во три временски периоди. Во олтарот, поткуполниот простор во наосот и ѕидовите, конхите и капелата тоа се одвивало во 1085 година, тремот датира од 1164 година, а наосот од 19 век.

Комплексот цркви „Свети Леонтиј“ се наоѓа во селото Водоча, на 4 км од Струмица. На локалитетот се зачувани три цркви (источна, западна и средна), со три фази на живописување во ентериерите, архитектонски остатоци, придружни објекти и манастирски комплекс, трпезарија, стопански објекти, две бањи и повеќеслојна христијанска некропола од 7 до 9 век. Насликани во периодот од 1018 и 1037 година, фреските од Водоча се вбројуваат меѓу ремек-делата на средновековната уметност во византиското сликарство воопшто.

Познатиот локалитет Цареви Кули, што се наоѓа над Струмица, со своите дебели бедеми, претставува споменик за падот на средновековната македонска држава на Цар Самуил во 1018 година. Во најново време е откриена археолошка ризница што потекнува од праисториско време, па сè до средниот век. Според некои мислења, тоа би можеле да бидат остатоци од античкиот град Астраион, кој во писмените документи првпат се споменува во 183 година п.н.е. и е претходник на ранохристијанскиот Тивериопол и на денешна Струмица. Сепак, сите досегашни наоди, заедно со откриена предисториска населба, недвосмислено укажуваат дека на овој локалитет опстојувале разни цивилизации во период од околу 7.000 години.





# 4

## ОПШТИНИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН





# ОПШТИНА БОГДАНЦИ

# 4.1 ОПШТИНА БОГДАНЦИ

## 4.1.1 КРАТОК ОПИС НА ОПШТИНАТА




Општина Богданци го зафаќа просторот на крајниот јужен дел на Република Македонија, и тоа од левата страна на реката Вардар. Морфолошки, општината во основа е рамничарска, со мошне добар бонитет на земјиштето, така што се вбројува во најдобрите аграрни простори, особено за производство на раноградинарски култури. Атарот на Богданци зафаќа површина од 6.700 ха, од кои под обработливи површини се 1.561,4 ха, пасиштата зафаќаат 2.107,7 ха, а на шумите отпаѓаат 2.719,5 ха. Општината Богданци се граничи со општините Дојран, Валандово и Гевгелија, а на поширок простор и со државната гранична линија со Република Грција. Според површината, се вбројува во помалите општини во земјата, но има најголема просечна густина на населеност од сите општини во југоисточниот регион (78 жители/км$^2$).

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на општината Богданци го сочинуваат следниве четири населени места: Богданци, Стојаково, Селемли и Ѓавото.

## 4.1.2 ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БОГДАНЦИ

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Богданци |
| Адреса на седиштето | Ул. „Маршал Тито“, бр. 62, 1484 Богданци |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 12’ E 22° 34’ |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 222-333; fax. +389 (0)34 221-077 |
| Електронска пошта | opstina_bogdanci@t-home.mk |
| Интернет-страница | www.bogdanci.gov.mk |
| Надморска височина | 65 м.н.в. |
| Територија | 114 km$^2$ |
| Население | 8.707 |
| Ден на општината | 10 октомври (ослободување на Богданци) |

## 4.1.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-1 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Индиректен пристап на автопатот А1 преку регионален патен правец | Р1109 |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1109 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 145 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 258 км |
| Аеродром Солун, Грција | 110 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 278 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 10,6 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 86,8 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 422 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 572 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 6,3 км |
| Бугарија | 67,4 км |
| Србија | 177 км |
| Косово | 183 км |
| Албанија | 280 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 164 км |
| Солун | 86,8 км |
| Софија | 275 км |
| Белград | 565 км |
| Загреб | 953 км |
| Истанбул | 673 км |
| Виена | 1.173 км |
| Будимпешта | 937 км |

## 4.1.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 8.707 жители (попис на населението 2002 година).

**Полова структура:** 4.377 мажи, 4.330 жени.

**Етничка структура на населението:** 92,95% Македонци, 6,03% Срби, 0,4% други.

### *4.1.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.1-1 Возрасна структура на населението – Богданци (2014)*




*Извор: Државен завод за статистика, регионите во Република Македонија, 2015.*

### *4.1.4.2 Пасивни и активни баратели на работа*

**Број на невработени лица:** 407 (состојба на 31.11.2015 година).

**Образовни институции:** На територијата на општината има едно средно училиште и две основни училишта.

*Слика 4.1-2 Пасивни и активни баратели на работа – Богданци*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### *4.1.4.3 Возрасна структура на невработените*

*Слика 4.1-3 Активни баратели на работа – Богданци*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.1-4 Пасивни баратели на работа – Богданци*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### *4.1.4.4 Образовна структура на невработените*

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Доктори на науки** | | | |
| **Магистри на науки** | 5 | 2 | 3 |
| **Високо образование** | 44 | 19 | 25 |
| **Више образование** | 8 | 3 | 5 |
| **Завршено средно образование** | 103 | 48 | 55 |
| **Непотполно средно образование** | 69 | 42 | 27 |
| **Основно образование и без образование** | 178 | 87 | 87 |
| Вкупно / Total | **407** | **201** | **202** |

## 4.1.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти во 2014 година: 288.

*Слика 4.1-5 Активни деловни субјекти – Богданци (2014)*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

Доминантни индустрии: земјоделство, транспорт, преработувачка, текстилна индустрија. Бројот на деловни објекти во нив е прикажан на Слика 4.3а.

*Слика 4.1-6 Број на деловни субјекти во доминантни индустрии – Богданци*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Главни компаративни предности на општината:** еколошки чиста и здрава средина, погранично подрачје, близина до добро развиени транспортни мрежи.

**Најзначајни локални претпријатија:** „Бреботекс“, „Ноелплус“, „Бовекс“ (текстилна индустрија); „Софија“ Богданци (графички и печатарски услуги), Сточарство, „Агролозар“, „Вивипром“, „Бацо“, „Туран“, Оранжерии „Милбос“, „Екосто“ (земјоделство), „Риве транспорт“, „Шт“, „Рел-марк“, „Риве шпед“, „Пан-стоп“, „Транзит“ (транспорт).

**Најзначајни странски инвеститори:** „Таурус Фармс“ (Германија) – одгледување на јаболчесто и коскесто овошје.

**Минерални ресурси:** кварц, фелдспат, долерит (неминерални суровини).

**Туризам и угостителство:** еден хотел, шест ресторани и пицерии, шест кафе-барови и еден ноќен клуб.

## 4.1.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во општината Богданци идентификувани се две индустриски зони: „Откупно дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, производство и дистрибуција“ и индустриска зона Барта. Дополнително постои една локација за инвестирање во хотелски комплекс.

**Општински поволности за инвестирање во индустриските зони:** Намалување на надоместокот за уредување на градежно земјиште во зависност од бројот на новоотворени работни места со обврска да се одржува бројот на вработувањата во период од пет години (5-20 вработувања – 25%, 21-50 вработувања – 50%, 51-100 вработувања – 75%, над 100 вработувања – 100%).

*Слика 4.1-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Богданци*




## 4.1.7 ИНДУСТРИСКА ЗОНА ОТКУПНО ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ ЗА СВЕЖО ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК, ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА

**Површина:** 20.550 м$^2$.

**Процент на изграденост:** неизградена.

**Сопственост:** 66% државна, 34% приватна.

**Локација (оддалеченост од центарот на општината):** 3,5 км (месност Горни Чаир).

**Инфраструктура во зоната:** пристапни патишта.

**Претпријатија што работат во индустриска зона:** нема.

*Табела 4-2 Карактеристики на слободни локации за градба во Богданци*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 5.828 | 3.429 | 15 | 61 | 250 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП 2** | 3.507 | 2.153 | 15 | 61 | 250 | Г2, Г3, Г4 |
| **ГП3** | 4.188 | 2.650 | 15 | 61 | 250 | Г2, Г3, Г4 |

*Слика 4.1-8 Урбанистички план надвор од населено место за изградба на откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, производство и дистрибуција во м.в. Горни Чаир*




*Извор: ДУП надвор од населено место, Општина Богданци.*

## 4.1.8 ИНДУСТРИСКА ЗОНА БАРТА

Површина: 56.547м$^2$.

Процент на изграденост: неизградена.

Сопственост: државна

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 1 км

Инфраструктура во зоната: пристапни патишта.

Претпријатија што работат во индустриска зона: нема.

*Табела 4-3 Карактеристики на слободни локации за градба во Богданци*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 56.547 | Информаци и во Општина Богданци | 15 | 61 | 250 | Г2, Г3, Г4 |

*Слика 4.1-9 Локација на индустриска зона Барта – Општина Богданци*




## 4.1.9 ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Со деталниот урбанистички план на Општина Богданци утврдени се две локации за изградба на хотели. За овие локации исто така важат општинските поволности за стимулирање на инвестициите, при што во зависност од бројот на новоотворените работни места се намалува надоместокот за уредување на градежното земјиште:

- од 25% до 100% (5-20 вработувања – 25%, 21-50 вработувања – 50%);
- 51-100 вработувања – 75%,
- над 100 вработувања – 100%.

Обврска на инвеститорот е да го одржува бројот на новоотворените работни места најмалку пет години.

*Табела 4-4 Карактеристики на слободните локации за градба за хотелски капацитети во Богданци*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште (м$^2$) | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 5.470 | 3.710 | 15 | 150 | 250 | Б5 |
| **ГП 4** | 23.532 | 19.815 | 15 | 150 | 250 | Б5 |

*Слика 4.1-10 Урбанистички план надвор од населено место за изградба на верски објект – Католичка црква – Апостолски егзархат во Македонија со хотелско-угостителски комплекс, м.в. Паљурци*




*Извор: ДУП надвор од населено место, Општина Богданци.*





# ОПШТИНА БОСИЛОВО

# 4.2 ОПШТИНА БОСИЛОВО

## 4.2.1 КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНАТА




Во средишниот дел на плодното Струмичко Поле, помеѓу планините Огражден и Беласица е сместена општината Босилово. Граничи со соседните општини Струмица, Ново Село, Василево и Берово. Општината Босилово има своја историја како стара општина што постоела во периодот од 1952, па сè до 1963 година, кога биле укинати руралните општини. Бидејќи нејзиното прво формирање било на 10 април 1952 година, денес овој ден се слави како празник – Ден на Општина Босилово.

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на општината Босилово го сочинуваат следниве 16 населени места: Босилово, Турново, Радово, Иловица, Штука, Секирник, Бориево, Моноспитово, Робово, Еднокуќево, Петралинци, Сарај, Гечерлија, Дрвош, Хамзали и Старо Балдовци.

## 4.2.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БОСИЛОВО

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Босилово |
| Адреса на седиштето | „Босилово“, бб; 2431 Босилово |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 26' E22° 43' |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 371-600; fax +389 (0)34 371-600 |
| Електронска пошта | opstinabosilovo1@gmail.com |
| Интернет-страница | www.opstinabosilovo.gov.mk |
| Надморска височина | 250 м.н.в. |
| Територија | 149,5 $km^2$ |
| Население | 14.260 |
| Ден на општината | 10 април (прво формирање на општина Босилово) |

## 4.2.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-5 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Директен пристап на магистрален патен правец А4. | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| R1302 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 146 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 271 км |
| Аеродром Солун, Грција | 160 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 221 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 61 км |
| Железничка станица Миравци | 60 км |
| Железничка станица Штип | 80 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 138 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 435 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 555 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 59 км |
| Бугарија | 21,5 км |
| Србија | 178 км |
| Косово | 196 км |
| Албанија | 288 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 165 км |
| Солун | 138 км |
| Софија | 217 км |
| Белград | 579 км |
| Загреб | 966 км |
| Истанбул | 723 км |
| Виена | 1.187 км |
| Будимпешта | 950 км |

## 4.2.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 14.260 жители (попис на населението 2002 година).

Полова структура на населението: 7.341 мажи, 6.919 жени.

**Етничка структура на населението:** 95,72% Македонци, 3,47% Турци, 0,81% други.

### *4.2.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.2-1 Возрасна структура на населението – Босилово (2014)*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

### *4.2.4.2 Пасивни и активни баратели на работа*

**Број на невработени лица:** 1.926 (состојба на 31.11.2015 година).

**Образовни институции:** На територијата на општината има три основни училишта.

*Слика 4.2-2 Невработени лица – Босилово (2015)*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### 4.2.4.3 Возрасна структура на невработените

*Слика 4.2-3 Активни баратели на работа – Босилово*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.2-4 Пасивни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### 4.2.4.4 Образовна структура на невработените

| **Невработени лица според образование** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | | | |
| Магистри на науки | 2 | 0 | 2 |
| Високо образование | 67 | 39 | 28 |
| Више образование | 19 | 12 | 7 |
| Завршено средно образование | 418 | 185 | 233 |
| Непотполно средно образование | 260 | 159 | 101 |
| Основно образование и без образование | 1.160 | 87 | 410 |
| **Вкупно** | **1.926** | **482** | **781** |

## 4.2.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти: 243.

*Слика 4.2-5 Активни деловни субјекти – Босилово*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Доминантни индустрии:** земјоделство, прехранбена индустрија, дрвно-преработувачка индустрија.

*Слика 4.2-6 Број на деловни субјекти во доминантни индустрии – Босилово*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

Главни компаративни предности на општината: погодни услови за развој на земјоделството и сточарството, сообраќајна инфраструктура и поврзаност, достапна и квалификувана работна сила.

Најзначајни локални претпријатија: Млекара „Здравје" – Радово (прехранбена индустрија); АД „Агролозар" – Хамзали (производство на грозје и праски); Винарија „Далвина" (производство на вино); АД „Оранжерии Хамзали" (земјоделство); „Вистони" – ЖП, „Паралидови" (производство на палети, гајби и друга дрвена амбалажа); „Мајстор – компани", „Империал" – Босилово (градежништво); „Алу дизајн" – Турново (производство на алуминиумска браварија и мебел).

Најзначајни странски инвеститори: „Euromax Resources Ltd" (Канада) – концесиски истражувања и потенцијална експлоатација на руда (бакар и злато) од рудникот Иловица на планината Огражден.

**Минерални ресурси:** кварц, фелдспат, долерит (неминерални суровини); злато, бакар (минерални суровини).

**Туризам и угостителство:** четири ресторани и пицерии и еден кафе-бар.

## 4.2.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во општината Босилово идентификувана е Индустриската зона „Робово“, што се наоѓа на одлична местоположба во близина на магистралниот патен правец А4, што води до Република Бугарија и индустриска зона Хамзали.

**Општински поволности за инвестирање во индустриските зони:** Советот на општината, на барање на инвеститор, може да донесе одлука за утврдување на посебни поволности за одредена конкретна инвестиција.

*Слика 4.2-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Босилово*




## 4.2.7 ИНДУСТРИСКА ЗОНА „РОБОВО“

**Површина:** 278.600 м$^2$.

**Процент на изграденост:** во најголем дел неизградена.

**Сопственост:** 1% државна, 99% приватна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 2 км.

Инфраструктура во зоната: пристапни патишта.

Претпријатија што работат во индустриската зона: „Геотермика“, „Тома“ Радово.

*Табела 4-6 Карактеристики на слободни локации за градба – Робово*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.7** | 381 | 381 | 5,2 | \ | 316 | Г2, Г4 |
| **9.8** | 1.151 | 1.151 | 5,2 | \ | 316 | Г2, Г5 |

*Слика 4.2-8 Извадок од урбанистички план за дел од селото Робово, Босилово*




*Извор: ДУП село Робово, Општина Босилово.*

*Слика 4.2-9 Слики од индустриската зона „Робово“*



## 4.2.8 ИНДУСТРИСКА ЗОНА „ХАМЗАЛИ“

Процент на изграденост: 10%

Сопственост: мал дел државна, поголемиот дел приватна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 7,6 км.

Инфраструктура во зоната: постојат пристапни патишта.

Претпријатија што работат во индустриската зона: АД Оранжерии

*Слика 4.2-10 Слики од индустриската зона „ХАМЗАЛИ“*





ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# 4.3 ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

## 4.3.1 КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНАТА




Во југоисточниот дел на Република Македонија, од левата страна на реката Вардар, меѓу Демиркаписката Клисура, планината Плавуш и на југ алувијалната рамнина на реката Вардар, се протега општината Валандово. Општината Валандово се граничи со општините Богданци, Гевгелија, Дојран, Струмица, Демир Капија и Конче. Преку планинскиот дел се граничи со Република Грција. Според надморската височина, оваа општина е една од најниските во државата, со просечна надморска височина од 226 метри. Градот во времето на Византија бил познат како Микро Константинопол (Мал Цариград). Името Валандово доаѓа од старословенскиот јазик и значи „убава долина“.

Во поново време Валандово е познат како град на калинката и град на убавата новосоздадена македонска песна. Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на Општина Валандово го сочинуваат градот Валандово и следниве 28 населени места: Ајранли, Аразли, Бајрамбос, Балинци, Баракли, Башали, Башибос, Брајковци, Булунтули, Вејсели, Градец, Грчиште, Дедели, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Кочули, Марвинци, Пирава, Плавуш, Прстен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли и Честево.

## 4.3.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Валандово |
| Адреса на седиштето | Ул. „Иво Лола Рибар“, бб, 2460 Валандово |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 19' 022° 33' |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 382-007; Fax. +389 (0)34 382-044 |
| Електронска пошта | valandovo@valandovo.gov.mk |
| Интернет-страница | www.valandovo.gov.mk |
| Надморска височина | 226 м.н.в. |
| Територија | 331 km2 |
| Население | 11.890 |
| Ден на општината | 6 ноември (ослободување на Валандово) |

## 4.3.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-7 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Директен пристап Автопат А1 | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1102; Р1401, Р1105 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 122 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 235 км |
| Аеродром Солун, Грција | 124 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 259 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 25 км |
| Железничка станица Миравци | 15 км |
| Железничка станица Штип | 89 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 101 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 399 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 593 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 27 км |
| Бугарија | 48 км |
| Србија | 154 км |
| Косово | 160 км |
| Албанија | 253 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 141 км |
| Солун | 101 км |
| Софија | 256 км |
| Белград | 542 км |
| Загреб | 930 км |
| Истанбул | 687 км |
| Виена | 1.150 км |
| Будимпешта | 914 км |

## 4.3.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 11.890 жители (попис на населението 2002 година).

**Полова структура:** 6.139 мажи, 5.751 жени.

**Етничка структура на населението:** 82,67% Македонци, 11,21% Турци, 5,27% Срби, 0,74% други.

### *4.3.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.3-1 Популациска пирамида – Валандово*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

### *4.3.4.2 Активни и пасивни баратели на работа*

**Број на невработени лица:** 1.071 (состојба на 31.11.2015 година).

**Образовни институции:** На територијата на општината има едно средно училиште и две основни училишта.

*Слика 4.3-2 Невработени лица – Валандово*




*Извор: АВРМ, 2015.*

## *4.3.4.3 Возрасна структура на невработените*

*Слика 4.3-3 Активни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.3-4 Пасивни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

## *4.3.4.4 Образовна структура на невработените*

| **Невработени лица според образование** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | | | |
| Магистри на науки | 2 | 0 | 2 |
| Високо образование | 92 | 41 | 51 |
| Више образование | 7 | 6 | 1 |
| Завршено средно образование | 294 | 169 | 125 |
| Непотполно средно образование | 116 | 83 | 33 |
| Основно образование и без образование | 560 | 87 | 197 |
| **Вкупно / Total** | **1.071** | **386** | **409** |

## 4.3.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти: 357.

*Слика 4.3-5 Активни деловни субјекти – Валандово*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Доминантни индустрии:** земјоделство (производство на тутун), прехранбена индустрија, текстилна индустрија, дрвно-преработувачка индустрија, транспорт и градежна индустрија.

*Слика 4.3-6 Деловни субјекти по доминантни индустрии – Валандово*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Главни компаративни предности на општината:** близина до граничните премини со Република Грција и Република Бугарија, поволни климатски услови и поволни услови за инвестирање.

**Најзначајни локални претпријатија:** Визба „Валандово“ (преработка на полупроизводи и готови производи од грозје), Еко оранжерии „Анска Река“ (производство на раноградинарски производи), „Агрипро“ (живинарство), Млекара „Вардарец“ с. Удово (производство на млеко и млечни производи).

**Најзначајни странски инвеститори:** „Агрокор“, Хрватска (откупен центар).

**Минерални ресурси:** вар, каменоломи (неминерални суровини).

**Туризам и угостителство:** еден хотел, осум ресторани, пет кафетерии и три ноќни клубови.

## 4.3.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во општината Валандово идентификувана е Индустриската зона „Раброво“, што се наоѓа на одлична местоположба и целосно е во приватна сопственост. Во оваа индустриска зона се определени 48 парцели.

**Општински поволности за инвестирање во индустриските зони:** Намалување на надоместокот за уредување на градежно земјиште во зависност од бројот на новоотворени работни места со обврска да се одржува бројот на вработувањата во период од пет години (5-20 вработувања – 25%, 21-50 вработувања – 50%, 51-100 вработувања – 75%, над 100 вработувања – 100%).

*Слика 4.3-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Валандово*




## 4.3.7 ИНДУСТРИСКА ЗОНА „РАБРОВО“

**Површина:** 17.000 м$^2$.

**Процент на изграденост:** 30% изградено и 20% во градба.

**Сопственост:** 100% приватна.

**Локација (**оддалеченост од центарот на општината): 2 км.

**Инфраструктура во зоната:** пристапни патишта, трафостаница, осветлување, водовод и канализациска мрежа.

**Претпријатија што работат во зоната:** „Анел“, „Конингтон“, „Дока текстил“ (текстилна индустрија); „Агрокор“ (откупен центар).

**Карактеристики на слободни локации за градба:** подетални информации можат да се добијат во одделението за урбанизам при Општина Валандово.

**Намена на слободни локации за градба:** Г2, Г3, Г4 – лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта.

*Слика 4.3-8 Локација на Индустриската зона „РАБРОВО“*




*Слика 4.3-9 Слики од индустриската зона „РАБРОВО“*




DOKATEXTIL
DOKA TEXTIL



ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

# 4.4 ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

## 4.4.1 КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНАТА




Територијата на општината Василево го зафаќа северозападниот дел од Струмичкото Поле, опфаќајќи го средишното сливно подрачје на реката Струмица. Во општината Василево преовладува младата популација и работоспособното население, што е многу важен предуслов за секаков вид развој на општината. Во правец на северозападниот срт на Огражден се наоѓа водената акумулација Турија и регионалната депонија за цврст комунален отпад. Аграрната површина на општината Василево изнесува 16.091 ха, од кои 6.773 ха (42,1%) се обработливо земјиште, 1.082 ха (11,2%) се пасишта, додека 7.516 ха (46,7%) се шуми.

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на Општина Василево го сочинуваат следниве 18 населени места: Василево, Ангелци, Варварица, Висока Маала, Владевци, Градашорци, Доброшинци, Дукатино, Едрениково, Нова Маала, Пиперево, Радичево, Седларци, Сушево, Требичино, Чанаклија, Кушкулија и Нивичино.

## 4.4.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Василево |
| Адреса на седиштето | с. Василево бб 2411 Василево |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 31' E22° 38' |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 354-444; fax +389 (0)34 353-007 |
| Електронска пошта | gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk |
| Интернет-страница | www.opstinavasilevo.gov.mk |
| Надморска височина | 234 м.н.в. |
| Територија | 331 $km^2$ |
| Население | 12.122 |
| Ден на општината | 16 декември (ден кога е конституиран првиот совет) |

## 4.4.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-8 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Директен пристап на магистрален патен правец А4 | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1403 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 129 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 267 км |
| Аеродром Солун, Грција | 156 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 247 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 57 км |
| Железничка станица Миравци | 63 км |
| Железничка станица Штип | 63 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 133 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 431 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 581 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 55 км |
| Бугарија | 36 км |
| Србија | 160 км |
| Косово | 166 км |
| Албанија | 285 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 147 км |
| Солун | 133 км |
| Софија | 243 км |
| Белград | 548 км |
| Загреб | 936 км |
| Истанбул | 719 км |
| Виена | 1.156 км |
| Будимпешта | 920 км |

## 4.4.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 12.122 жители (попис на населението 2002 година).

**Полова структура:** 6.339 мажи, 5.783 жени.

**Етничка структура на населението:** 82,15% Македонци, 17,28% Турци, 0,5% други.

### *4.4.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.4-1 Популациска пирамида – Василево*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

### *4.4.4.2 Активно и пасивно население*

Број на невработени лица: 1.784 (состојба на 31.11.2015 година)

Образовни институции: На територијата на општината има две основни училишта.

*Слика 4.4-2 Невработени лица – Василево*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### 4.4.4.3 Возрасна структура на невработените

*Слика 4.4-3 Активни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.4-4 Пасивни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### 4.4.4.4 Образовна структура на невработените

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | | | |
| Магистри на науки | 1 | 1 | 0 |
| Високо образование | 27 | 4 | 23 |
| Више образование | 9 | 6 | 3 |
| Завршено средно образование | 298 | 132 | 166 |
| Непотполно средно образование | 171 | 98 | 73 |
| Основно образование и без образование | 1.278 | 87 | 458 |
| Вкупно | **1.784** | **328** | **723** |

## 4.4.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти: 185.

*Слика 4.4-5 Активни деловни субјекти – Василево*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Доминантни индустрии:** земјоделство, транспорт, текстилна индустрија.

*Слика 4.4-6 Деловни субјекти по доминантни индустрии – Василево*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Главни компаративни предности на општината:** идеални локации за развој на индустрии покрај магистралниот пат А4, природно богатство со вода (брана Турија), производство на земјоделски и овошни производи, регионална депонија на југоисточниот регион.

**Најзначајни локални претпријатија:** „Мис Стон“ (угостителска дејност); „Дијагонала“ (продажба на санитарија); „Цоби енд“ (продажба на ламинати); „Нипром“, „11 Септември“ (дрвна индустрија); „Евромак“ (откуп на земјоделски производи).

**Најзначајни странски инвеститори:** „Аса Интернационал“ – Австрија, управување со отпад – концесионер на првата регионална депонија во Република Македонија.

**Минерални ресурси:** вар, каменоломи (неминерални суровини).

**Туризам и угостителство:** еден хотел, еден ресторан и еден ноќен клуб.

## 4.4.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во општината Василево идентификувана е Индустриската зона „Градашорци“, што се наоѓа на одлична местоположба, во близина на магистралниот патен правец А4 и една локација наменета за инвестирање во хотелски комплекси.

**Општински поволности за инвестирање во индустриските зони:** Советот на општината, на барање на инвеститор, може да донесе одлука за утврдување на посебни поволности за одредена конкретна инвестиција.

*Слика 4.4-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Василево*




## 4.4.7 ИНДУСТРИСКА ЗОНА: „ГРАДАШОРЦИ“

**Површина:** 654.600 м$^2$.

Процент на изграденост: 20%.

**Сопственост:** 20% државна, 80% приватна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 500 м.

**Инфраструктура во зоната:** пристапни патишта, трафостаница, осветлување, водовод и канализациска мрежа.

**Претпријатија што работат во зоната:** „Тритерол“ (бензинска пумпа со ресторан), „Евромак“ (откуп на земјоделски производи, ладилник за прехранбени производи), „МТ промет“ (магацински простор за складирање на земјоделски производи).

*Табела 4-9 Карактеристики на слободни локации за градба – Градашорци*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **КП 386 ГП 1.1** | 10.955 | 5.433 | Со АУП | 61 | 240 | Г2, Г3, Г4 |
| **КП 386 ГП 1.2** | 16.649 | 8.324 | Со АУП | 61 | 240 | Г2, Г3, Г5 |
| **КП 386 ГП 1.3** | 15.839 | 7.919 | Со АУП | 61 | 240 | Г2, Г3, Г6 |

*Слика 4.4-8 Локација на Индустриската зона „ГРАДАШОРЦИ“*



*Слика 4.4-9 Слики од индустриската зона „ГРАДАШОРЦИ“*





## 4.4.8 ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Општината Василево е во финална фаза од изработката на локално урбанистичко планска документација за катастарските парцели 1160 и 1162 во населеното место Владевци наменети за изградба на хотелски комплекси. Вкупната површина на оваа локација е 30.000 м$^2$ и таа се наоѓа во непосредна близина на населеното место Владевци. Инфраструктурата на оваа локација е планирано да се решава комбинирано, и тоа снабдувањето со вода преку довод од селската водоводна мрежа на Владевци, како и од сопствен артески бунар во рамките на градежната парцела. Изградбата на бунарите ќе се изврши врз основа на хидрогеолошки истражни работи со кои ќе се утврди капацитетот и квалитетот на подземните води. Фекалните отпадни води ќе се одведуваат во попивателни бунари во рамките на градежната парцела.

Потенцијалните инвеститори ќе можат да добијат подетални информации во општина Василево по завршување на процесот на изработка на урбанистичката документација.

*Слика 4.4-10 Слики од индустриска зона Владевци*





ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# 4.5 ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

## 4.5.1 КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНАТА




Општина Гевгелија се наоѓа во најјужниот дел од Република Македонија, на границата со Република Грција. Природната целина на гевгелиската котлина се протега од северната и јужната страна на македонско-грчката граница. Гевгелија лежи во рамниот дел на котлината, лоцирана на десното крајбрежје на Кожув и на Пајак Планина. Со својата географска местоположба, Гевгелија отсекогаш претставувала крстопат на поважните патни правци во овој дел од Балканскиот Полуостров, преку кои се остварувале сите економски и културни врски помеѓу јужна и средна Европа. Денес на територијата на Општина Гевгелија се лоцирани повеќе луксузни хотели и казина.

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на Општина Гевгелија го сочинуваат градот Гевгелија и следниве 16 населени места: Богородица, Габрово, Давидово, Кованец, Конско, Миравци, Милетково, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

## 4.5.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Гевгелија |
| Адреса на седиштето | Ул. „Димитар Влахов“, бр. 4 1480 Гевгелија |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 9' E22° 30' |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 213-899; |
| Електронска пошта | kabinet@gevgelija.gov.mk |
| Интернет-страница | www.gevgelija.gov.mk |
| Надморска височина | 64 м.н.в. |
| Територија | 485 $km^2$ |
| Население | 22.988 |
| Ден на општината | 7 ноември (ослободување на Гевгелија) |

## 4.5.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-10 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Директен пристап на автопат А1. | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1102, Р1108, Р1105 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 138 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 249 км |
| Аеродром Солун, Грција | 101 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 284 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 1 км |
| Железничка станица Миравци | 22 км |
| Железничка станица Штип | 117 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 178 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 413 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 618 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 3 км |
| Бугарија | 73 км |
| Србија | 168 км |
| Косово | 174 км |
| Албанија | 270 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 156 км |
| Солун | 78 км |
| Софија | 280 км |
| Белград | 557 км |
| Загреб | 944 км |
| Истанбул | 664 км |
| Виена | 1.165 км |
| Будимпешта | 928 км |

## 4.5.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 22.988 жители (попис на населението 2002 година).

Полова структура на населението: 11.420 мажи, 11.568 жени.

**Етничка структура на населението:** 96,82% Македонци, 1,60% Срби, 0,93% Власи, 1,15% други.

### *4.5.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.5-1 Популациска пирамида – Гевгелија*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

### *4.5.4.2 Активни и пасивни баратели на работа*

**Број на невработени лица:** 1.276 (состојба на 31.11.2015 година).

*Слика 4.5-2 Невработени лица – Гевгелија*




*Извор: АВРМ, 2015*

## *4.5.4.3 Возрасна структура на невработените*

*Слика 4.5-3 Активни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.5-4 Пасивни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

## *4.5.4.4 Образовна структура на невработените*

Образовни институции: На територијата на општината има четири основни и едно средно училиште. Високото образование е застапено преку Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со дисперзирани студии од областа на правото, економијата, земјоделството, педагогијата, социјалните работи и туризмот.

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Доктори на науки** | | | |
| **Магистри на науки** | 8 | 2 | 6 |
| **Високо образование** | 165 | 74 | 91 |
| **Више образование** | 25 | 18 | 7 |
| **Завршено средно образование** | 336 | 162 | 174 |
| **Непотполно средно образование** | 270 | 198 | 72 |
| **Основно образование и без образование** | 472 | 87 | 198 |
| Вкупно | **1.276** | **541** | **548** |

## 4.5.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти: 1.190.

*Слика 4.5-5 Активни деловни субјекти – Гевгелија*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Доминантни индустрии:** прехранбена индустрија, текстилна индустрија, туризам и угостителство, градежна индустрија.

*Слика 4.5-6 Деловни субјекти по доминантни индустрии*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Главни компаративни предности на општината:** поволна географска положба и климатски услови, традиција и препознатливо производство на еко-храна, обучена работна сила во областа на туризмот, конфекционерство.

**Најзначајни локални претпријатија:** „Випро Виктор“ ДООЕЛ (преработка на овошје и зеленчук); „Пајдаков“, „Вори“ (конзервна индустрија); „Конти-Хидропласт“, „7-ми Ноември“ (производство на производи од гума и пластични маси); „Еуроинг“, „Млаз Инжинеринг“, „Мансард Коце“ ДООЕЛ (градежни фирми); „Риго Импекс“, „Јостела“ (винарија); „Агро Импекс“ (трговија на големо); „Лемекс“ (транспортно претпријатие); „Паскалин“ (производство и извоз на сурогати од кафе); „Кичуков Компани“ (трговија на мало); „Хина“ (преработка и конзервирање овошје и зеленчук и производство на леб и бели печива); „Ноел“ ДПТ Експорт импорт (текстилна индустрија).

**Најзначајни странски инвеститори:** Хотел „Фламинго“, Хотел „Рамада Плаза“ (хотели и ресторани); Казино „Фламинго“, Казино „Принцес“ (игри на среќа); Хотел-казино „Аполина“, Казино „Сенатор“ (хотели, ресторани и игри на среќа).

Минерални ресурси: Каменоломи.

**Туризам и угостителство:** 11 хотели и мотели, 16 ресторани, шест кафетерии, три ноќни клубови.

## 4.5.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во општината Гевгелија развиени се повеќе индустриски зони што имаат добра инфраструктура и сигнализација: Индустриска зона „Ракита“, Индустриска зона „Деленица“, Индустриска зона „Блокотехна“, Индустриска зона „Стопански комплекс откупно-дистрибутивен центар“ и Технолошка – индустриска развојна зона и една туристичка зона во близина на Негорски Бањи.

**Општински поволности за инвестирање во индустриските зони:** Советот на општината, на барање на инвеститор, може да донесе одлука за утврдување на посебни поволности за одредена конкретна инвестиција.

*Слика 4.5-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Гевгелија*




## 4.5.7 ИНДУСТРИСКА ЗОНА „РАКИТА“

**Површина:** 166.000 м$^2$.

Процент на изграденост: 60%.

**Сопственост:** 22,30% државна, 77,7% приватна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 2 км.

**Инфраструктура во зоната:** водовод, пристапни патишта, трафостаница.

**Претпријатија што работат во индустриската зона:** „Випро“ Гевгелија, „Близнак Ком“ (прехранбена индустрија).

*Табела 4-11 Карактеристики на слободни локации за градба – Ракита*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **14.2.41** | 5.217 | 3.37 | 12 | / | / | Г3 |
| **14.2.40** | 5.474 | 3.567 | 12 | / | / | Г3 |
| **14.2.39** | 5.603 | 3.698 | 12 | / | / | Г3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **14.2.38** | 2.685 | 1.593 | 12 | / | / | Г3 |
| **14.2.32** | 4.044 | 2.613 | 12 | / | / | Г4 |
| **14.2.31** | 3.961 | 2.588 | 12 | / | / | Г3 |

*Слика 4.5-8 Синтезен план на индустриска зона „Ракита“*




*Слика 4.5-9 Слики од индустриска зона „Ракита“*



## 4.5.8 ИНДУСТРИСКА ЗОНА „ДЕЛЕНИЦА“

**Површина:** 462.000 м$^2$.

Процент на изграденост: 80%.

**Сопственост:** 24,60% државна, 75,40% приватна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 2,50 км.

**Инфраструктура во зоната:** трафостаница, пристапни патишта, осветлување (делумно).

**Претпријатија што работат во индустриската зона:** „Вори“ Гевгелија (прехранбена индустрија).

*Табела 4-12 Карактеристики на слободни локации за градба – Деленица*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште (м²) | Површина за градба во основа (м²) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м²) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м²) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **12.3.62** | 5.199 | 3.575 | 15 | / | / | Г2, Г3, Г4 |
| **12.3.63** | 39.202 | 32.645 | 15 | / | / | Г2, Г3, Г4 |

*Слика 4.5-10 Сателитска мапа од индустриска зона „Деленица“*




*Слика 4.5-11 Слики од индустриска зона „Деленица“*



## 4.5.1 ИНДУСТРИСКА ЗОНА „БЛОКОТЕХНА“

**Површина:** 234.500 м$^2$.

Процент на изграденост: 60%.

**Сопственост:** 85% државна, 15% приватна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 4,5 км.

**Инфраструктура во зоната:** водовод, канализациска мрежа, трафостаница, пристапни патишта, осветлување.

**Претпријатија што работат во индустриската зона:** ДГПТ „ЕУРО ИНГ“ – Гевгелија, „Јоско Јуниор“ Гевгелија.

*Табела 4-13 Карактеристики на слободни локации за градба – Блокотехна*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 39** | 1.853 | 926,5 | 10 | / | / | Г2, Г4 |
| **ГП 38** | 2.437 | 1.218 | 10 | / | / | Г2, Г4 |

*Слика 4.5-12 Сателитска мапа од индустриска зона „БЛОКОТЕХНА“*




*Слика 4.5-13 Слики од индустриска зона „Блокотехна“*



## 4.5.2 ИНДУСТРИСКА ЗОНА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ОТКУПНО ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР

**Површина:** 89.000 м$^2$.

Процент на изграденост: 50%.

**Сопственост:** 100% државна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 15 км.

Инфраструктура во зоната: пристапни патишта.

Претпријатија што работат во индустриската зона: нема.

*Табела 4-14 Карактеристики на слободни локации за градба – Откупно дистрибутивен центар*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа (м$^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./м$^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./м$^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 20.599 | 11.208 | 15 | / | / | Г4 |
| **ГП 2** | 11.049 | 7.734 | 15 | / | / | Г4 |

*Слика 4.5-14 Синтезен план од стопански комплекс Откупно Дистрибутивен Центар*



*Слика 4.5-15 Слики од стопански комплекс Откупно Дистрибутивен Центар*



## 4.5.3 ТЕХННОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА ГЕВГЕЛИЈА

**Површина:** неутврдена – зоната е во фаза на изработка.

Процент на изграденост: неизградена. Сопственост: 100 % државна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 10 км.

Инфраструктура во зоната: пристапни патишта.

Претпријатија што работат во индустриската зона: нема.

**Карактеристики на слободни локации за градба:** подетални информации за планираните локации и соодветни намени можат да се добијат во Одделението за урбанизам при Општина Гевгелија и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во Скопје.

*Слика 4.5-16 Синтезен план од технолошко индустриска развојна зона Гевгелија*




*Слика 4.5-17 Слики од технолошко индустриска развојна зона Гевгелија*



## 4.5.4 ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Општина Гевгелија има донесено детален урбанистички план за изградба на хотелски комплекс во месноста Долна Корија, во близина на Негорски Бањи. Негорски Бањи е модерен здравствен и туристички центар наменет за продолжен третман и рехабилитација на пациенти од полето на физикалната медицина и рехабилитацијата. Овој детален урбанистички план утврдува локации за изградба на нови хотелски комплекси и здравствени центри.

*Табела 4-15 Слободни локации за изградба на хотелски комплекси – Гевгелија*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа ($м^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./$м^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./$м^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГП 1** | 60.285 | 42.199 | 13,7 | / | / | Б5 |

*Слика 4.5-18 Слики од слободни локации за изградба на хотелски комплекси – Гевгелија*





# ОПШТИНА ДОЈРАН

# 4.6 ОПШТИНА ДОЈРАН

## 4.6.1 КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНАТА




Општината Дојран се наоѓа во јужниот дел од Република Македонија, покрај македонско-грчката граница. Општината се наоѓа на бреговите на Дојранското Езеро, преку кое од источната страна се граничи со Република Грција. Сместена е меѓу планините Беласица (1.883 м) од север, планината Круша (860 м, Грција) од исток и Карабалија (697 м) од запад. Димензиите на езерото изнесуваат 9 км во должина и 7 км во ширина. Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на Општина Дојран го сочинуваат следниве 13 населени места: Нов Дојран, Стар Дојран, Сретеново, Фурка, Црничани, Николиќ, Ѓопчели, Куртамзали, Дурутли, Органџали, Севендекли, Џумабос и Чаушли.

## 4.6.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Дојран |
| Адреса на седиштето | Ул. „Кеј 5-ти ноември“, бб, 1478 Стар Дојран |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 10' E22° 43' |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 225-278; fax +389 (0)34 225-278 |
| Електронска пошта | dojran@t-home.mk |
| Интернет-страница | www.dojran-info.com |
| Надморска височина | 146 м.н.в. |
| Територија | 132 $km^2$ |
| Население | 3.426 |
| Ден на општината | 5 ноември (ослободувањето на Дојран) |

## 4.6.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-16 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта:** Нема | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** | |
| Р1109, Р1105 | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 147 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 259 км |
| Аеродром Солун, Грција | 93 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 278 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 32 км |
| Железничка станица Миравци | 39 км |
| Железничка станица Штип | 109 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 74 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 423 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 573 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 3 км |
| Бугарија | 68 км |
| Србија | 178 км |
| Косово | 184 км |
| Албанија | 276 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 165 км |
| Солун | 74 км |
| Софија | 275 км |
| Белград | 566 км |
| Загреб | 954 км |
| Истанбул | 647 км |
| Виена | 1.174 км |
| Будимпешта | 938 км |

## 4.6.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 3.426 жители (попис на населението 2002 година).

Полова структура на населението: 1.728 мажи, 1.698 жени.

**Етничка структура на населението:** 77,09% Македонци, 11,73% Турци, 8,09% Срби, 1,72% Роми, 1,32% други.

### *4.6.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.6-1 Популациска пирамида – Дојран*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

### *4.6.4.2 Активни и пасивни баратели на работа*

**Број на невработени лица:** 147 (состојба на 31.11.2015 година).

*Слика 4.6-2 Невработени лица – Дојран*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### *4.6.4.3 Возрасна структура на невработените*

*Слика 4.6-3 Активни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.6-4 Пасивни баратели на работа*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### *4.6.4.4 Образовна структура на невработените*

Образовни институции: Во општината има едно основно училиште.

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Доктори на науки** | | | |
| **Магистри на науки** | 1 | 0 | 1 |
| **Високо образование** | 19 | 6 | 13 |
| **Више образование** | 2 | 1 | 1 |
| **Завршено средно образование** | 22 | 8 | 14 |
| **Непотполно средно образование** | 20 | 15 | 5 |
| **Основно образование и без образование** | 83 | 87 | 31 |
| Вкупно / Total | **147** | **116** | **65** |

### 4.6.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти: 101.

*Слика 4.6-5 Активни деловни субјекти – Дојран*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

**Доминантни индустрии:** туризам и угостителство, текстилна индустрија.

*Слика 4.6-6 Деловни субјекти во доминантни индустрии – Дојран*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

Главни компаративни предности на општината: Дојранско Езеро, единствен начин на риболов на ова езеро со помош на птици, можност за развој на алтернативни форми на туризмот, изградена туристичка инфраструктура.

Најзначајни локални претпријатија: „КМ Компани“ (прехранбена индустрија, преработка на маслинки); Фабрика за амортизери и резервни делови „СТД“ (изработка на амортизери); „Форми Давас“, „ЛМ Компани“ (превоз на патници); Хотел „Истатов“, Хотел „Романтик“, Хотел „Македонија“, Хотел и казино „ХИТ“, Хотел „Полин“ (туристичко-угостителска дејност).

Најзначајни странски инвеститори: Дојран Стил (Грција) – металургија.

Минерални ресурси: нема.

Туризам и угостителство: седум хотели и мотели, 11 ресторани, три кафетерии и три ноќни клубови (летни дискотеки на плажа).

### 4.6.6 ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ И ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Во општината Дојран идентификувана е Индустриската зона „Душановац“, што се наоѓа на одлична местоположба во близина на регионалниот пат Р1105 (Струмица-граница со Република Грција), на 2,5 км од населбата Нов Дојран и 3,5 км од езерскиот брег и две туристички зони: Туристичка зона Сунгурли Дере и Туристичка зона Карач

**Општински поволности за инвестирање во индустриските зони:** Советот на општината, на барање на инвеститор, може да донесе одлука за утврдување на посебни поволности за одредена конкретна инвестиција.

*Слика 4.6-7 Индустриски зони и локации за инвестирање – Општина Дојран*




### 4.6.7 ИНДУСТРИСКА ЗОНА ИНДУСТРИСКО СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС „ДУШАНОВАЦ“

**Површина:** 200.000 $м^2$.

Процент на изграденост: неизградена.

**Сопственост:** 100% државна.

Локација (оддалеченост од центарот на општината): 3 км.

Инфраструктура во зоната: неизградена.

Претпријатија што работат во индустриската зона: нема.

*Табела 4-17 Карактеристики на слободни локации за градба – Душановац*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа ($м^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./$м^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./$м^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 6.714 | 3.859 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **2** | 6.258 | 3.516 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **3** | 2.895 | 1.068 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **4** | 2.691 | 1.026 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **5** | 2.701 | 1.033 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **6** | 2.680 | 1.02 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7** | 2.109 | 669 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **8** | 2.434 | 858 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **9** | 2.478 | 877 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |
| **10** | 2.362 | 790 | 10,20 | 61 | 600 | Г2, Г3, Г4 |

*Слика 4.6-8 Синтезен план индустриска зона „ДУШАНОВАЦ“*



*Слика 4.6-9 Слики од индустриска зона „ДУШАНОВАЦ“*



## 4.6.8 ЛОКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Општина Дојран има утврдено две туристичко-развојни зони во Стар Дојран и Нов Дојран.

*Табела 4-18 Карактеристики на слободните локации во овие туристичко-развојни зони – Дојран*

| Број на градежна парцела | Површина на земјиште | Површина за градба во основа ($м^2$) | Макс. висина на градба (м) | Почетна цена на земјиштето (ден./$м^2$) | Надоместок за уредување на градежно земјиште – цена (ден./$м^2$) | Намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТРЗ Нов Дојран** | 100.271 | 61.819 | 25 | 61 | 600 | Б5 |
| **ТРЗ Стар Дојран** | 171.346 | 154.816 | 25 | 61 | 600 | Б5 |

*Слика 4.6-10 Синтезен план туристичка зона СУНГУРЛИ ДЕРЕ*



*Слика 4.6-11 Синтезен план туристичка зона Карач*





# ОПШТИНА КОНЧЕ

# 4.7 ОПШТИНА КОНЧЕ

## 4.7.1 КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНАТА




Некогашниот средновековен епископски центар Конче е типично рурална општина сместена во централноисточниот дел од Република Македонија, опкружена со Конечка Планина и Смрдешник, односно општините Штип, Неготино, Демир Капија, Валандово, Струмица, Василево и Радовиш. Главни економски активности во општината се земјоделството, сточарството, водостопанството и шумарството. Посебен акцент има производството на висококвалитетен тутун од типот „Јака“ со околу 1.000.000 килограми годишно, што претставува 5% од вкупното производство на тутун во Република Македонија.

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година, подрачјето на Општина Конче го сочинуваат следниве 14 населени места: Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горни Липовиќ, Дедино, Долна Враштица, Долни Липовиќ, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитеци и Скоруша.

## 4.7.2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Седиште на општината | Конче |
| Адреса на седиштето | 2424 Конче |
| Локација (ширина – должина) | N 41° 29' E022° 22' |
| Контакт | Tel. +389 (0)34 630-325 fax: +389 (0)34 630-327 |
| Електронска пошта | opstina.konce@t-home.mk |
| Интернет-страница | www.konce.gov.mk |
| Надморска височина | 580 м.н.в. |
| Територија | 233,05 $km^2$ |
| Население | 3.536 |
| Ден на општината | 12 јули (Петровден – празник на општината) |

## 4.7.3 СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

*Табела 4-19 Сообраќајни врски*

| | |
|---|---|
| **Автопати, експресни и магистрални патишта** | |
| Индиректен пристап на магистрален патен правец А4 преку регионален патен правец Р2433. | |
| **Регионални патни правци што поминуваат низ општината** Р2433. | |
| **Оддалеченост на општината од аеродроми (км)** | |
| „Александар Велики“ – Скопје | 143 км |
| „Свети Апостол Павле“ – Охрид | 268 км |
| Аеродром Солун, Грција | 215 км |
| Аеродром Софија, Бугарија | 292 км |
| **Оддалеченост на општината од железница** | |
| Железничка станица Гевгелија | 113 км |
| Железничка станица Миравци | 104 км |
| Железничка станица Штип | 75 км |
| **Оддалеченост на општината од пристаниште (км)** | |
| Пристаниште Солун, Грција | 192 км |
| Пристаниште Драч, Албанија | 432 км |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 626 км |
| **Оддалеченост на општината од гранични премини (км)** | |
| Грција | 119 км |
| Бугарија | 95 км |
| Србија | 174 км |
| Косово | 180 км |
| Албанија | 264 км |
| **Оддалеченост на општината од поважни градови (км)** | |
| Скопје | 162 км |
| Солун | 192 км |
| Софија | 289 км |
| Белград | 563 км |
| Загреб | 950 км |
| Истанбул | 778 км |
| Виена | 1.171 км |
| Будимпешта | 934 км |

## 4.7.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ

**Население:** 3.536 жители (попис на населението 2002 година).

**Полова структура:** 1.886 мажи, 1.650 жени.

**Етничка структура на населението:** 85,10% Македонци, 14,73% Турци, 0,16% други.

**Образовни институции:** на територијата на општината има едно основно училиште.

### *4.7.4.1 Возрасна структура на населението (2014 година)*

*Слика 4.7-1 Популациска пирамида*




*Извор: Државен завод за статистика, 2015.*

### *4.7.4.2 Активни и пасивни баратели на работа*

**Број на невработени лица:** 354 (состојба на 31.11.2015 година).

*Слика 4.7-2 Невработени лица – Конче*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### *4.7.4.3 Возрасна структура на невработените*

*Слика 4.7-3 Активни баратели на работа – Konче*




*Извор: АВРМ, 2015.*

*Слика 4.7-4 Пасивни баратели на работа – Конче*




*Извор: АВРМ, 2015.*

### *4.7.4.4 Образовна структура на невработените*

| Невработени лица според образование | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Доктори на науки** | | | |
| **Магистри на науки** | 0 | 0 | 0 |
| **Високо образование** | 15 | 7 | 8 |
| **Више образование** | 2 | 1 | 1 |
| **Завршено средно образование** | 101 | 59 | 42 |
| **Непотполно средно образование** | 23 | 18 | 5 |
| **Основно образование и без образование** | 213 | 87 | 54 |
| Вкупно / Total | **354** | **172** | **110** |

## 4.7.5 ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Број на активни деловни субјекти: 75.

*Слика 4.7-5 Активни деловни субјекти – Конче*




*Извор: АВРМ, 2015.*

